**Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Скопје**

**Филозофски факултет**

**Институт за социјална работа и социјална политика**

**Мајка Тереза**

**магистерски труд**

# ВЛИЈАНИЕТО НА СОЦИЈАЛНИОТ СТАТУС НА ПАРТНЕРИТЕ ВРЗ ЗАДОВОЛСТВОТО ОД БРАКОТ

**Ментор**

**Доц. Д-р Иван Трајков**

**Изработил**

**Билјана Утковски**

**Бр. индекс 4363/12**

**Скопје, 2014**

# Содржина

Вовед........................................................................................................ 1

I. Теоретски дел.......................................................................................... 4

1. Брак......................................................................................................... 4

1.1 Избор на партнер.................................................................................. 4

1.2 Дефинирање на брак и видови............................................................ 8

1.3 Брачната заедница низ историјата...................................................... 9

2. Квалитет на бракот................................................................................ 11

2.1 Спарниеров пристап на дефинирање на квалитетот на бракот......... 13

2.2 Фактори кои влијаат на квалитетот на бракот.................................... 14

2.2.1 Особини на брачните партнери......................................................... 15

2.2.1.1 Пол.................................................................................................. 15

2.2.1.2 Возраст на стапување во брак........................................................ 15

2.2.1.3 Личноста на брачните партнери.................................................... 16

2.2.1.4 Образование и вработеност на брачните партнери....................... 16

2.2.1.5 Брачен локус на контрола................................................................ 17

2.2.1.6 Религиозност................................................................................... 17

2.2.1.7 Конзумирање на алкохол и алкохолизам........................................ 18

2.2.1.8 Здравствена состојба на брачните партнери.................................. 18

2.2.1.9 Долготрајно отсуство на партнерот................................................ 18

2.2.2 Карактеристики на бракот................................................................. 20

2.2.2.1 Предбрачна бременост.................................................................... 21

2.2.2.2 Редослед на бракот.......................................................................... 21

2.2.2.3 Поделба на улогите.......................................................................... 21

2.2.3 Брачни процеси.................................................................................. 22

2.2.3.1 Љубов меѓу партнерите................................................................... 22

2.2.3.2 Вештина на комуникација............................................................... 22

2.2.3.3 Сексуално задоволство во бракот................................................... 22

2.2.3.4 Поделба на домашните работи........................................................ 23

2.2.3.5 Интеракција меѓу брачните партнери............................................. 23

2.2.3.6 Поддршка на партнерот.................................................................... 24

2.2.3.7 Конфликти и злоупотреба ... 24

2.2.4 Брачна средина ... 25

2.2.4.1 Однос на приврзаност во раното детство ... 26

2.2.4.2 Деца во бракот ... 26

2.2.4.3 Економски и животен стрес ... 26

2.3 Особини на личноста како предиктор на интерперсонални односи и задоволства во бракот ... 27

2.4 Интимниот живот на брачните партнери ... 28

2.5 Социјален статус ... 32

2.6 Социјални индикатори – основни концепти ... 33

2.7 Демографски разлики и ефектите на секојдневниот живот во субјективната благосостојба ... 33

2.8 Типови на брачни партнери ... 35

2.9 Поделба на работата помеѓу брачните партнери ... 36

2.10 Ефекти од вработување на брачните партнери ... 39

3. Теории на задоволството од бракот ... 40

3.1 Теорија на социјална размена ... 40

3.2 Бихевиорална теорија ... 42

3.3 Теорија на приврзаност ... 43

3.4 Теорија на брачна и семејна криза ... 45

3.5 Ранливост – стрес – адаптационен модел ... 46

4. Среќен и добар брак ... 47

4.1 Задоволство од бракот ... 48

5. Пол ... 53

5.1 Улога на полот ... 53

5.2 Развојна теорија за улогата на полот ... 55

5.2.1 Психоаналитичка теорија ... 56

5.2.2 Теорија на социјалното учење ... 57

5.2.3 Когнитивно – развојна теорија ... 58

6. Род ... 60

6.1 Улога на родот ... 61

6.2 Теорија на социјализација на родот........ 63
6.3 Улога на семејството и социјализација........ 64
7. Биполарна и дуалистичка концепција........ 65
7.1 Маскулинизам и феминизам........ 65
7.2 Андрогиност........ 67
II Истражувачки дел........ 70
1. Истражување........ 70
1.1 Предмет на истражување........ 70
1.2 Цели и задачи на истражувањето........ 70
1.3 Хипотези на истражувањето........ 71
1.4 Варијабли на истражувањето........ 71
1.5 Методи и техники на истражувањето........ 71
1.6 Избор на примерок........ 72
1.7 Обработка на податоците........ 72
1.8 Структура на примерокот........ 72
Заклучок........ 92
Препораки за успешен брак и задоволство помеѓу партнерите........ 94
Користена литература........ 95
Прилог ........ 99

***Бракот е нашата последна и најдобра шанса да пораснеме***

***Џозев Барт***

## Вовед

Љубовта е природна состојба на човекот и може да се каже дека е лесно да се сака. Меѓутоа што е тешко? Тешко е да се најде сродна душа и со неа да се изгради, а воедно и да се зачува квалитетниот партнерски однос. Преминувањето од само јас во јас и ти и конечно во ние ниту е лесно, ниту брзо се случува.Тоа е процес во кој двете страни се менуваат и созреваат заради двојна корист. Луѓето обично никој не ги смпрема за тој процес, и затоа тоа најчесто се одвива низ обиди и грешки. Не постои човек кој што непоминал низ болни искуства како што се тешкотии во во споставување на близок контакт, отежната комуикација, раскинување на врска, амбивалентни чувства кон партнерот, страв од давање и примање на љубов, неверство, несигурност, срам, разочарување. Среќа воспоставувањето на квалитетна партнерска врска е толку вредна и важна цел, што луѓето се спремни да се борат и покрај болните искуства .

Некои луѓе имаат повеќе успеси а некои помалку во пронаоѓање на партнер и воспоставување на квалитетни односи. Во што тие се разликуваат? Физичка убавина, на која и се обврнува големо внимание, убавината не е главниот клуч за успех во партнерските односи, а може да се каже дека е прецeнета. Сексот може да биде важен, посебно во почетната фаза на партнерските односи, меѓутоа тој не е доволен за одржување на врска. Образование пари и некои други показатели на стандардот на животот исто така не обезбедуваат успех. Како и другите области на животот, и за успех на партнерските односи потребни се и некои вештини кои поседуваат способност и кои припаѓаат на емоционална и социјална интелегенција. Самиот израз на вештините укажва дека луѓето можат со нив да се подучуваат, дека може да се развие степенот на вештини и да се оствари поголемо задоволство. Емоционалната и социјалната интелегенција се однесуваат на самосвеста (препознавање на самиот себе си и прифаќање на самиот себеси) на

вештините самопретставување, управување со емоциите, емпатија укажува на грижа за другите на вештините за успешна комуникација, добра процена на надворешната реалност, вештината на правење на избор и донесување на одлука....

Да се биде лично и социјално компетентен за партнерски односи не значи да се биде совршен туку да се извлече максимум од она што се има и да се постигне склад меѓу мислите, чувствата и однесувањето. Невозможноста за остварување на добар партнерски однос посебно во подолг временски период, може да се створи чувство на инферентност, незадоволство, љубомора, завист и други негативни чувства кои вознемирувачки делуваат на личноста. Се разбира тука е и чувството на осаменост што претставува непријатна состојба која личноста може да ја осети, дури кога е опкружена со голем број на луѓе, затоа што квантитетот не може да го замени квалитетот на еден добар партнерски однос. Постои силна врска меѓу задоволството, внатрешното чувство на исполнетост и физичко здравје. Во суштината на многуте проблеми, како што се злоупотреба на алкохолот дрога, таблети, се наоѓа невозможноста за постигнување на рамнотежен љубовен живот, кој наличноста би и дал смисол на животот и сила да се бори со останатите тешкотии кој секој човек мора да ги има во животот. Затоа може да се тврди дека оној кој го унапредил својот љубовен живот и успеал да оствари квалитетен партнерски однос го подобрува сопственото психофизчко здравје и остварува услови за подолг и поквалитетен живот.

# ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

# I. Теоретски дел

## 1. Брак

### 1.1 Избор на партнер

Од искусните луѓе често може да се чуе дека изборот на брачниот партнер е некаков вид на лото, всушнст игра на среќа. Такво мислење обично имаат луѓе кои се разочарани од својот љубовен живот, па бараат оправдување за својот неуспех, затоа што немаат доволно храброст да и погледнат на вистинта во очи и кај себе да ја најдат вистинската причина за својата невоља. Брачниот другар бил судбина толку долго се додека човекот немал можност сам да го бира сексуалниот партнер, туку му го наметнале родителите, обичаите, верата и разни друштвени прописи кои на човекот му ја ускратувале слободата на личноста. Особено за жените изборот на партнер со векови бил посакуван, а ретко остварен идеал. Тие немале право да бираат, морале да бидат среќни што воопшто биле избрани.

Изброт на брачниот партнер, може многу да каже за личните карактеристики на оној што бира посебно за неговиот однос кон полот. Во изборот на партнерот човекот често ги открива своите свесни или несвесни животни цели, притоа покажувајќи го своето искуство во познавање на луѓето и својата вештина во предвидување на туѓото однесување. Можеме да кажеме дека тоа е последица на емоционална зрелост и резултат на искуството и стекнатото знаење. Некој викаат дека среќниот брак е основен услов за задоволство исто така и поволните надворешни околности, како што се добар стан, сигурно вработување, добар приход и слично. Меѓутоа ниту најсредените животни прилики не можат да го надокнадат внатрешниот несклад, студенилото, одбивност и трајнонесогласување на брачните патртнери. Затоа што вистинската содржина на бракот произлегува од луѓето од нивните чувства, желби и интереси. Ако се нашле двајца партнери кои взаемно откриваат многу заеднички работи и се приближуваат кон нивните животни интереси веројатно ќе имаат и исти животни потреби.

Правлниот избор на брачниот партнер е од голема важност за успех на брачната заедница во која човекот сака и може да ги задоволи најинтимните потреби. За изборот да биде успешен човекот мора да биде потполно самостоен. Луѓето обично тврдат дека љубовта е слепа, што е само делимично вистина. Емоциите ја намалуваат способноста на разумна проценка, меѓутоа само во почетниот акутен стадиум. Кога љубовта ќе стане посталожена помирна, а воедно и подлабока, се враќа можнста за подобро посматрање на партнерот. Освен тоа зрелиот човек нема да се впушти во брак на брзина во првиот дел од вљубеноста, тоа ќе го направи подоцна, кога чувствителната врска со личноста од другиот пол стане повеќе интимна, меѓутоа правилниот избор на партнерот најчесто се состои во тоа партнерот да знае да ја разликува длабоката чувствителна поврзанст од моменталната вљубеност заради потполна привлечност. (Салеби, 2010)

Во денешно време луѓето стапуваат во брак врз основа на слободна волја,и доброволно прифаќање, и покрај слободната волја која е карактеристика на човековата егзистенција воопшто па дури и кога станува збор за изборот на партнер, каде што не се кажува дека психолошката личност е постоење на индивидуалното, фамилијарното и колективното, несвесно го намалува делувањето на човековата слобода и свест. Фројд (1981 Контошиќ 2009) кој го објаснува концептот на несвесното и смета дека тоа игра голема улога во нашето однесување и често го одредува изборот на партнер. Од друга страна зрел и здрав избор на партнер е оној каде постои свест, волја, правилна проценка на реалноста врз основа на искуства.Тој избор воглавно се сведува на две основни барања: функционална и онтолошка проценка на партнерот. Под функционално барање се подразбира проценка на способностите на партенрот и исполнување на физички, економски и социјални потреби, а при проценка се земаат во предвид работното, сексулното и фамилијарното функционирање. Онтолошките квалитети на личноста се однесуваат на способноста партнерот да воспостави чувствителен однос и релација јас - ти. Присуството на двете компоненти повеќе е идеал отколку реалност, а она што го одредува изборот е е повеќе емоционална отколку рационална компонента.

Изборот кој е заснован на разум (функционално барање) води кон однос без задоволство и еротика, меѓутоа од друга страна пак постои само чувствителен однос (онтолошка компонента) постои можност животните кризи да доведат до често гасење на

чувствата меѓу партнерите. Во секој случај како ќе продолжи партнерскиот однос највеќе зависи од личноста и зрелоста на партнерот и нивните способности и спремности да се развиваат низ партнерскиот однос.

Изборот на партнер најчесто се разгледува низ следниве влијанија: наследни влијанија на развојни фази, трансгенерациски и влијание на надворешна средина (социолошка и културна, Тошиќ 2009).

- Наследно влијаније во смисла на детерминант при изборот на партнерот пред се се однесува на делување на фамилијарното несвесно. Тоа всушност значи дека фамилијарното несвесно, делува во правец на изборот на партнерот во кој несвесно се откриваат наследните слични особини.

- Искуствата и поединостите во развојните фази, свесно или невесно можат да бидат одлучувачки при изборот на партнерот. На пример доколку мајката не била доволно присутна во животот на детето, детето ќе бара партнер кој ќе биде цело време присутен и ќе бара од него да го увери во својата љубов и верност. Слично на тоа, доколку родителите како брачен пар не се доволно блиски, детето со еден од родителите ќе оствари поголема блискост па дури и завист, подоцна таквата личност ќе бара партнер кој по своите особини е сличен на родителот со кој е воспоставена поголема блискост во одредена ситуација. Доколку пак искуствата биле критични во периодот на адолесенцијата и младоста може да се случи личноста да бара партнер кој е спротивен на особините на едниот или двата родитела.

- Трансгенерациско влијание - тука се подразбира влијание кое го има семејството на поединците, при изборот на партнер. Тоа влијание најчесто е несвесно. Изборот може да биде заснован на пример на некој член на семејството како потреба да се замени врска која била воспоставена со некој роднина, под услов со него да е воспоставена емоционална врска, исто така изборот може да биде под влијание на семејните потреби и желби на повеќе генерации. Се бара партнер со одредена професија или друштвен статус.

- Социо-економско и културно влијание: овие влијанија кои го одредуваат изборот на партнер се свесни и се карактеризираат како зрел избор. Се бира партнер кој е во склад со

очекувањата, во склад со културата, се вреднуваат оние особини кои се пожелни во дадено друштво (Баркер 1992 - Тошиќ 2009)

Според мислењето на Фројд (1981) потрагата кон саканата личност не е свесна, а не е ниту планирана и тоа што нас не води се чувствата. Всушност хемијата е многу предвидлива ако ги погледнеме потребите кои се кријат длабоко во нас, како потребата да бидеме доминантни, потреба за некој кој ќе умее да не смири, или пак потреба да имаме некој кој ќе можеме да го заштитиме. Со други зборови радарот во нас ги скенира луѓето и во нив ги бара специфичните карактеристики и тоа врз основа на искуството од најраното детство. Во склад со тоа најчесто се спомнуваат следниве начини на избор на партнер:

1. Нарцистички избор - во овој тип изборот на партнер би требало да биде ист или сличен на оној кој го бара. Често станува збор за изборот на партнер кој потсетува на тоа каков тој некогаш бил или пак да одговара на идеалниот јас.

2. Изборот на партнер по типот на сигурност-според ваквиот избор се бара партнер кој ќе игра улога на родител. Се бара жена - мајка која храни или татко - маж кој штити.

3. Инцестен избор - се бара партнер кој има сличост и со родителот од спортивниот пол ги вклучува карактеристиките на физичкиот изглед, темперамент емоционални реагирања и други особини. Овој тип на избор често се вика и невротичка ендогамија. Другата варијанта на овој избор е неуротична ендогамија, а се однесува на обидот инцестот да се негира, а тоа се остварува на повеќе начини: се бара партнер од другата раса, култура и се одлага одлуката врската да се озваничи во брак и слично.

4. Инвертен избор - при овој избор се вреднуваат оние особини на партнерот кои се слични на особините на родителот од истиот пол, а најчесто се јавува во ситуација кога родителот од спортивниот пол, одкако ќе умре, или после развод, или родител кој не е адекватен во родителската улога. (Фројд 1981)

Освен мислењето на Фројд се наведува и теоријата на Винча (Винча 1964 - Тошиќ 2009). Тоа е теорија на комплементарна потреба на изборот на партнер кој воглвно се однесува на здрава личност. По оваа теорија, секој човек во изборот на партнер ја бара личноста која му ветува највеќе можности за задоволување на неговите потреби и за

дополнување на сопствената личност. Овие личности многу повеќе се комплементарни отколку што се слични на луѓето кои ги бараат.

## 1.2 Дефинирање на брак и видови

Бракот е однос кој тежнее кон долгорочност па дури и подразбира доживотна врска. Обично со развојот на тој однос семејството се шири, партнерите стануваат родители кои имаат должност да се грижат за децата. Всушност основната функција е засновање на семејството и стварање на потомство. Семејството е примарна био-психолошко-социјална заедница на родители и нивните деца и заради повеќе стручни, биолошки,психички и друштвени функции, семејството е основна ќелија на друштвото и прототип на секоја друштвена заедница. Семејството е примарно место за социјализација на децата, и во неа се воспоставуваат трајни, емотивно сигурни, солидарни и свестрани врски меѓу членовите. Во семејството се стваraат и се усвојуваат првите и најважни друштвни врдности, норми и базично културни обрасци и затоа семејството е примарна иинтимна заедница, а бракот е основна друштвена установа свртена донекаде на поширокото друштво. Семејството е поширок поим од бракот, меѓутоа бракот обично ја претставува основата на семејството. (Милич 2001)

Бракот го вклучува дневниот контакт на партнерите и заедничко преживување на добри и лоши моменти и расположенија. Постојат неколку видови на бракови: независни (раздвоени), мешани и традиционални. (Реардо, Брајша 1998)

**Независни бракови** – партнерите имаат неконвеционални брачни вредности, ја задржуваат трајната независност во меѓусебните односи, се карактеризира со иновација, несигурност и промена. Независните помалку се согласуваат, живеат заедно, помалку се задоволни со својот однос, не ја покажуваат отворено меѓусебната наклонетост. Не зависните парови ја покажуваат улогата на еластичност. Во партнерските односи се појавува доминација на мажот или жената, или рамноправност или субмисивност на едниот партнер. Постои и моќ во односите пр. моќ кој смее повеќе да зборува, кој ќе победи и слично. Мажот и жената можат да ја поделат моќта. Во независните бракови

партнерите се почесто се договараат и се сложуваат околу поделбата на моќта, повеќе од колку во традиционалните бракови каде што улогите се јасни.

**Во раздвоен брак** партнерите наоѓаат начин да го одржат својот брачен однос покрај малата меѓусебна зависност. Раздвоените имаат повисок степен на согласувања, покажуваат меѓусебна љубов меѓутоа не се задоволни со односот. Раздвоените парови покажуваат конвенционални норми на однесување на сопругот и сопругата, меѓутоа им недостига експресивна комуникациска вештина. Мешани видови на бракови пр. раздвоено-традициски каде мажот се смета себеси за раздвоен, а жената има традициски ставови. Раздвоени традициски се умерено кохезивни, значајно задоволни со својот однос, покажуваат љубов меѓутоа не покажуваат големо согласување.

Традиционални партнери имаат меѓусебно подобро согласување, кохезија и задоволство заради нивниот однос. Во традиционалниот брак паровите зависат едни од други имаат конвенционални вредности во поглед на нивниот брачен живот. Традиционалните парови ги подржуваат конвенционалните норми на примерното однесување на мажот и жената. Сопругата себеси се гледа како експресивна личност која се грижи за другите, традциски усмерен сопруг се ориентира на вршење на работата. Во традиционалните односи жената има моќ да донесува важни одлуки за куќата.

## 1.3 Брачната заедница низ историјата

Во различни историски епохи и различни културни клилми, бракот претставувал обичај но и правно формализирање на заедничкиот живот меѓу мажот и жената. Во предмодерните друштва бракот повеќе бил однос помеѓу пошироките сроднички групи кои се реализираат низ разни облици на индивидуални и групни размени на жени и семејни аранжмани.

Во модерните епохи бракот се сведува на договорен однос меѓу две индивидуи на спротивниот пол, при што слободата на избор уште постои само на страна на мажот, како на пример љубовта или антипатијата немале никакво влијание на склопување на бракот.

Во тоа време бракот и љубовта биле две меѓусебно раздвоени категории. Бракот се засновал на обичаите, родителската волја, на метеријалните и статусни интереси. Со други зборови до неодамна бракот од љубов се сметал за неприлагоден брак. Денес со потполно право за брак може да се зборува како за партнерство при што секој партнер има можност во својот живот да воспостави поголем број на емотивни и партнерски врски. (Милич 2001)

Заради материјалните основни потреби за заеднички живот, во кој младите парови не можат сами да створат ниту да имаат, туку мораат да добијат од своите семејства, во минатото бракот повеќе се однесувал на тие семејства од колку на самите млади брачни парови. Во такви услови субјективните чувства на младите брачни парови друштвени пречки. Основниот механизам бил од правна природа. А се состои во тоа на сопружникот да му се одземат сите семејни права и привилегии па дури и семејното име.

Бракот од љубов носел големи жртви и за него морала да се плати висока цена во друштвото. Така бракот според регулативната функција која ја има во односите на сексуалната пракса на луѓето и размножувањето, имало уште неколку општествени функции како што се контрола на пренос, чување и наследување на материјални добра, потоа забрана за стапување во брак со личност од различна религија, етничка припадност па дури и општествени класи и професии. (Милоевиќ 2009)

Во средината на 18 век Жан Жак Русо прв дал глас за одбрана на бракот од љубов. Во склоп на својата девиза *Да се вратиме на природата*, Русо ја претставува љубовта како природен мотив за брак. Според него љубовта е таа сила која луѓето ги врзува, желбата да живеат заедно, да имаат заеднички деца, а не материјален и статусен интерес. Бидејќи таа природна работа се занемарува, браковите се во криза која се манифестира со прељуба и развод. Зацврстувањето на бракот може да се постигне единствено со враќање на природата: ако се дозволи сопружинците да се бираат слободно и така да се засноваат брачните врски. Одкако Русо апелирал за брак од љубов, требало да поминат сто години за да Наполеон 3 направи преседан во 1853 година и да ја земе за жена Еуѓенија де Моринјо, сосем обична жена наместо принцеза, обраќајќи се на Франција и Европа со следниве зборови: *Бракот кој сакам да го склопам не е во склад со традицијата на старата политика. Во тоа е и неговата предност. Жената која ја љубам и почитувам*

*морам да и признаам првенствено пред непозната жена која поседувала предност за мажење ама би била и жртва.* Откако се случил овој преседан се покренува лавина на бракови од љубов. Заљубеноста и љубовта се наоѓаат во прв план и воспоставуваат еден нов вредносен систем. Современ, културен и цивилизациски образец на западот е таков што на брак без љубов се гледа попреку, додека бракот од љубов е пожелен и позитивен. Меѓутоа времето ќе покаже дека и бракот од љубов носи свои проблеми: додека порано разводот бил строго контролиран чекор, допуштен и на исклучиви случаеви, сега престанок на љубовта е доволна причина за развод.

## 2. Квалитет на бракот

Во стручната литература постои поприлична конфузија помеѓу поимите брачни односи, квалитетот на бракот стабилноста на бракот и задоволството во бракот. Поимот брачни односи е најширок и го опфаќа квалитетот и стабилноста на бракот. Стабилноста на бракот се дефинира низ поголема или помала емотивна и формална нарушеност на брачните односи. Стабилноста на бракот високо се корегира со брачниот квалитет,а факторите кои ја одредуваат стабилноста се: задоволството во бракот, децата во брак, религиозноста, оформување на семејство и идентификација на бракот како начин на живот.

Квалитетот на бракот е мултидимензионална варијабла која вклучува меѓусебна прилагодливост на партнерите и задоволството во бракот. Се дефинира како конгнитивна проценка на партнерот за квалитетот на нивните брачни односи. Проценката на квалитетот на бракот покажува колку е бракот добар од гледна точка на сопружникот во одредена временска точка.

Квалитетот на бракот во зависност од пристапот може да се мери на три начини: како задоволство (субјективно чувство на среќа, задоволство и уживање кое го доживаува партнерот во интеракција со другиот партнер), на меѓусебна прилагоденост на сопружниците (на различни домени на брачен живот како на пример комуникација, сексуално однесување, донесување на одлуки) и како процена на квалитетот на брачните

односи (синтезата на првите два пристапи во кој партнерите не зависно го проценуваат глобалниот квалитет, и квалитетот на низа поединечни димензии). Кој пристап на мерење на квалитетот ќе се примени зависи од самиот автор, затоа што не постои скала или начин на мерење на квалитетот на бракот кој би бил сеопфатно прифатен како најдобар или најпримерен пристап.

Задоволството на бракот претставува субјективен поглед на секој партнер на брак и не е показател на вистинските карактеристики на партнерот и проценката во бракот, иако од партнерот се бара да даде генерална евалуација на бракот. Според тоа задоволството на бракот е потесен поим на квалитетот на бракот, а воедно е една од димензиите на квалиетот на бракот,а нагласокот е на емоционална компонента на проценка на брачниот однос. Важно е да објективно постои собир на карактеристики на идеалниот брак во одредено друштво. Во современото западно друштво тоа се на пример: правилна поделба на обврски, одржување на взаемна љубов и почитување, согласување околу важни прашања, заедничко донесување на одлуки и делење на интерес.

Во дефинирање на брачниот квалитет вклучено е и саморазмислување на партнерот од сепарација или развод (Карнеј и Братбури 1995 - Врховски 2004). Што е и разбирливо затоа што личноста нема да ја напушти врската ако смета дека е квалитетна.

Разликување на поимите додатно го отежнува тоа што различните дефиниции за квалитетот на бракот, ја предизвикале појавата на различни мерни инструменти, па под називот на брачниот квалитет се мереле различни работи. Некои истражувачи го испитувале брачниот квалитет со карактеристиките на интеракција меѓу партнерите , со што всушност се испитува меѓусебната прилагодливост на брачните партнери. Другите испитувале што сопружниците чувствуваат кон своите партнери и бракот, а притоа го мереле задоволството на бракот.

Третиот правец на разбирање на брачиот квалитет како проценка на квалитетот на брачните односи се појавил во 80-тите години како синтеза на претходни сваќања. Овој пристап го нагласува квалитетот на партнерските односи, а од партнерот се бара да самостојно и независно од брачниот партнер да се процени квалитетот на брачните односи кои ги обземаат и задоволството и прилагоденоста. Партнерот може да го процени

квалитетот наранчните односи кон поединечни димензии (квалитетот на комуникацијата, сексуалното однесување и донесувањето на одлуки) или може да даде глобална проценка (Обрадовиќ и Чудина - Обрадовиќ 1998)

## 2.1 Спарниеров пристап на дефинирање на квалитетот на бракот

Во седумдесетите години се појавуваат многу кртики за одердување на брачниот квалитет како задоволство на брачните партнери во бракот. Еден од најважните негови критичари Спаниер (1976) понудил поинков пристап во дефинирање на брачниот квалитет. Наместо одредување во кое брачниот квалитет претставува исклучиво чувство на среќа и задоволство во бракот. Спаниер брачниот квалитет го дефинира како меѓу себна прилагоденост на брачните партнери. Објавени се голем број на разработки во кои се прифаќа Спарниеровиот пристап и се користи неговиот инструмент за мерење на прилагоденоста на партнерот, меѓутоа и во споредба со тоа се јавуваат голем број на критичари на Спаниеровиот пристап (Камбеллетал..,1976 Левис 1980 - Тошиќ 2009) кои ја оспоруваат можноста за дефинирање на брачниот квалитет како партнерски прилагодености. Главниот недостаток на неговиот пристап многу гледаат во фактот дека брачниот квалитет не може да се изедначи со брачната прилагоденост затоа што со тоа се мерат заедно различните облици на однесување и перцепцијата на брачните партнери. Така е утврдено дека со Спаниеровиот (1976) инструмент на мерење на партнерските прилагодености се добиваат 5 фактори: брачната среќа, хармонија, брачниот однос (отсутност на несогласувања и караници) количината на интеракцијата со брачните партнери, отсутност на специфични извори на брачни проблеми (пр. конзумирање на алкохол) и отсутност на склоноста кон раздвојување. Пристап на мерење на брачниот квалитет како брачни прилагодености произлегува од теоријата на социјалните размени и сваќања кои се блиски на таа теорија. Најпознатата скала за мерење на прилагоденоста е Спаниерова скала на партнерска прилагоденост (ДАС, Спаниер 1976) Скалата се состои од 32 ајтема со која се мери однесувањето и прилагоденоста на двајцата партнери во различни подрачја на брачниот живот (почитување, пријателство, секс итн). Како резултат на тие расправии се јавува нов правец во мерење на квалитетот кој го одредува брачниот

квалитет како брачна прилагоденост, затоа што прилагоденоста е почетен предуслов, а брачниот квалитет многу повеќе од прилагоденоста.

## 2.2 Фактори кои влијаат на квалитетот на бракот

Врз основа на литературата на брачните задоволства за квалитет на бракот и среќата во бракот Левис и Спаниер (1979) го развија моделот на брачниот квалитет кој ги опфаќа трите главни подрачја. Вариабли кој го чинат предикторен брачниот квалитет. Првиот собир го чинат варијабли на личност и кои со себе ги венсуваат во бракот како што се самодоверба, ментално и психичко здравје, способности, а авторите ги нарекуваат лични и социјални ресурси. Другиот збир е задоволство на животниот стил, вклучувајќи го составот на домаќинството, задоволство на работата на сопружникот, поддршка на пријателот, роднината и заедницаата. Третиот збир е награда од брачната интеракција, кои го сочинуваат емоционалното вреднување, корисна комуникација, сложување на улоги, количина на интеракција и позитивен став, кон сопружинците, (Фенеј и сор.., Стенберг и Хојјат 1997 - Врховски 2004)

Истражување на квалитетот на бракот и фактори кој влијаат на него почнале во триесетите години на минатиот век. Еден од истражувачите бил Терман (1938) кој ја испитувал поврзаноста на низа варијабли на брачното задоволство на партнерите, како одговор на се почести психијатриски, индивидуалистички објаснувања на факторите кои се потребни за добар брак. Корелациите и одредувањето на квалитетот на бракот и можно е да се групираат во неколку групи:

1) особини на брачните партнери

2) карактеристики на бракот

3) брачни процеси

4) брачно опкружување

## 2.2.1 Особини на брачните партнери

Во поново време, при истражување на брачниот квалитет следната варијабла, покажала значајна поврзаност: пол на брачниот партнер, време на стапување во брак, особини на брачниот партнер, брачен локус на контрола, религиозност, конзумирање на алкохол, здравствена состојба на брачните партнери, долготрајно заминување од дома и искуство на предбрачното удварање.

### 2.2.1.1 Пол

Не може со сигурност да се одговори на прашањето кој е во бракот позадоволен мажите или жените, а уште помалку резултатите можат да се генерализираат на сите култури и различни друштва. Меѓутоа спроти ова ограничување, најголем број на истражувања покажуваат дека полот е битен предиктатор на задоволството во бракот. Најголем број на резултати укажуваат на тоа дека жените се помалку задоволни во бракот и дека нивното доживување на квалитетен брачен однос понизок од машкиот. (Чудина-Обрадович 2006)

### 2.2.1.2. Возраст на стапување во брак

Реализираното истаржување на брачната стабилност и одредување на квалитетот на бракот кое е извршено во САД ( 2003 Чудина-Обрадовиќ и Обрадовиќ 2006) укажува дека возраста на партнерите при стапување во брак е многу важен предиктор на квалитетот на бракот и задоволства во бракот. Резултатите всушност говорат дека проценката на квалитетот на брачните односи и задоволството во бракот би било поголемо доколку партнерите стапуваат во брак постари од колку многу малди. Тоа може да се толкува со поголема емоционална иинтелектуална зрелост на партнерот на оваа возраст, често социоекономска независност каде партнерите подоцна стапуваат во брак претходно стекнале поголемо искуство во реалните очекувања во бракот и партнерите што ги чини поспремни за брак и ги штити од разочарување.

#### 2.2.1.3 Личноста на брачните партнери

При испитувањето на поврзаноста на задоволството од животот и петофакторскиот модел на личноста, најголеми врски се најдени во димензијата на неуротицизмот и екстраверзијата. Неуротицизмот како поим на емоционална стабилност директно е поврзан со нгативни емоции. Екстраверзијата не е толку непосредно поврзана со позитивните емоции, меѓутоа нејзината важна компонента е всушност склоност на доживување на позитивни емоции опфатена и која покрај депресивноста предвидува поголемо животно задоволство од сите особини на личоста заедно. (Субота 2007)

#### 2.2.1.4 Образование и вработеност на брачните партнери

Во подрачјето на образованието најчесто се правени истражувања на брачната хомогеност на степенот на образование. Во истажувањето на Калмијна (1991) добиен е тренд дека во триесетите години, на 20 век биле почесто хетеро гени бракови по степенот на образование од колку во 80-тите години. Освен тоа, бројот на хомогени бракови покасно бил поголем во групата на факултетски образовани испитаници. Обрадовиќ и соработниците (1998) заклучиле дека образованието на партнерот е предиктивно за стабилен брак. Заклучле дека партнерите со повисок степен на образование помалку се разделуваат од оние кои имаат степен на формално образование, и дека партнерите со подеднаков степен на образование исто така се разделуваат поретко од партнерите на различен степен на образование.

Во истражувањето Локслеј (Глеен 1990) не утврдил поврзаност помеѓу кариерата на жената и задоволството на бракот на едниот од сопружинците. Од друга страна и стажувањето на Хауснекта и Макеа (Врховски 2004) покажал дека жените со кариера имаат подобра брачна прилагодливост од домаќинките. Сепак самата кариера не е толку важна за квалтетот на бракот колку што е важно подджувањето на кариерата од страна на сопругот. Со многу бројните истражувања утврдено е и дека децата чии мајки работат надвор од дома се многу поврзани од колку со мајките кои остануват цел ден со нив дома (Белски 1986 - Врховски 2004) Вработеноста кај некој мајки може да предизвика анксиозност заради одвојување од детето. Проблем не е самата вработеност, туку учинокот кој она го има при што посебно влијае на односот меѓу мајката и детето. Истражувањето на Стифлер и соработниците (Врховски 2004) покажало дека децата

чиимајки се вработени имаат и зразена анксиозност заради одвојување и покажуваат анксиозно-избегнувачко однесување.

Меѓутоа, истражувањата спроведени последните педестет години не покажале негативни, туку позитивни последици од мајчината вработеност за целото семејство. Вработените мајки чувствуваат дека имаат поголема контрола над својот живот, имаат поголема самодоверба, покомплементарни се и имаат поголема финансиска сигурност. Сето наведено претходно влијае на подобар квалитет на нивното родителство. Во семејството каде мајката работи а таткото поминува повеќевреме со децата, а поделбата на работите дома е помалку традиционална. (Тошиќ 2009)

## 2.2.1.5. Брачен локус на контрола

Брачниот локус на контролата т.е степен во кој поединците сметат дека можат да го контролираат сето она што се случува во нивниот брак е исто така значаен корелат на квалитетот на бракот, некои поединци сметаат дека можат се да контролираат, додека другите сметаат дека е важна среќата, судбината или се чувствуваат беспомошно. Обично високиот рачен локус на контрола се нарекува внатрешна контрола при што големиот локус на брачната контрола и верување дека на работите може да се влијае позитивно на бракот, и го намалува бројот на брачните несогласувања, го зголемува брачното задоволство, додека нискиот брачен локус (надворешниот локус на контрола) предизвикува: напнатост, песимизам и безпомошност (Тошиќ 2009).

## 2.2.1.6. Религиозност

Психолозите оддамна претпоставувале дека религиозните луѓе поинаку го доживуваат бракот па во склад со тоа поинаку и се однесуваат во брак од нерелигиозните. Пред се се наметнува прашањето дали се добри оние бракови кои се склопени непромислено, односно без лична подготовка и доволно знаење за обврските кои произлегуваат од женидбата. Важна тема во тој контекст е и сериозноста на свеста за значењето за припрема на бракот, при што црквата има значајна улога. Освен припремата на младите за брак низ обичаите кои ги организираат свештениците, црквата е одговорна и за целото семејство и нејзината религиозност.

### 2.2.1.7. Конзумирање на алкохол и алкохолизам

Алкохоличарското семејство, како семеен систем, во кој еден член е алкохоличар, значи од една страна има пиење и опијанување и сето она што со еден општ термин го нарекуваме алкохоличарско однесување како стресен услов, а од друга страна има дијаден однос (алкохоличарски брак), како централен процес кој се вика алкохоличарско семејство. Имено пиењето и пијанчењето и алкохолизам во семејниот живот трпи значајни промени. Пред се изостанува неопходна рамнотежа помеѓу остварување на развојни потреби на поединците во семејството, спроти остварување на системски регулаторни процеси. Наместо таа рамнотежа се покренува и доминира серија на адаптивни реакции од страна на партнерот, а потоа и од страна на останатите членови на семејството, кои парадоксално се прилагодуваат на патолошката ситуација, со што довеуваат до траење и одржување на дисфункционалниот - брачниот и семејниот алкохоличарски систем (Настасиќ 1998) Со анализа на развојот на алкохолизмот во бракот, се дошло до сознание дека пиењето ги детерминира сите елементи-комуникации, однесувања, интеракција на партнерот, емоционални сознанија, значи вкупното функционирање. Алкохоличарот пие за да ја разреши брачната тензија, а брачниот партнер учествува во одржувањето на пиењето, затоа што и нему повеќе му одговара, одржување на симтомите и традицијата, од колку отворен конфликт (Драгисиќ-Лабаш 2007)

### 2.2.1.8 Здравсвена сосотојба на брачните партнери

Болеста на еден од партнерите може бракот да го доведе до криза, меѓутоа како и таа така и секоја друга криза може да биде прилика меѓусебните односи или да се зацврстат или да се разлабават. Особено жртвувањето на здравиот партнер во текот на негата на болниот партнер, го зацврстува бракот ако болниот партнер верува, дека неговиот партнер тоа го прави од љубов, а не од обврска. А ако односите и пред тоа биле полни со љубов , тогаш и таквата жртва полесно ја објаснува љубовта.

### 2.2.1.9 Долготрајно отсуство на партнерот

Долготрајното отсуство на партнерот, и одалеченоста се чести во некои семејства, каде што повеќе отсуствуваат мажите. (морепловци, сезонски работници, затвореници) Квалитетот на бракот опаѓа со намаленото време поминато заедно, меѓутоа не и неопходно, повеќе зависи од причината за отсуството. Најмалиот пад е кога се работи за

отсуство заради работа, а најголем кога се работи за затворениците. (Чудина-Обрановиќ 2006).

**Искуство на предбрачното забавување**

Авторите Хјустон и соработниците (1981Чудина-Обрановиќ 2006) на основа на пареленото испитување доживуваат предбрачни врски и квалитетот на брачните однооси, четиринаесет години подоцна, препознале три типа на предбрачни забавувања кои притоа биле во врска со квалитетот на брачните односи подоцна. Турбулентниот тип на забавување се карактеризира со многубројни несогласувања, раскид и смирувања во текот на забавувањето на партнерите. Партнрите влегуваат во брак со надеж дека проблемите ќе се намалат, меѓутоа тоа обично не се случува и таквите партнери продолжуваат со несогласувањата, не се задоволни во бракот, и често се разведуваат. Предбрачното искуство кое се одликува со мир и отсуство на несогласувања, карактеризира сладок, недраматичен тип на забавување. Од како ќе влезат во брак партнерите кои биле во адекватни врски, задржуваат таков однос, задоволни се во бракот, и нивните бракови се стабилни. Често овие партери ги карактеризираат улогите на личностите како што се алтруизам, солидарност. Социјабилни се и феминине, или поточно емоционално поизразени (Миллеретал..,2003кон Чудина Обрадовиќ и Обрадовиќ 2006). Кон типологијата на Хјустон постои и страствен тип на врска во која поединците брзо и силно се вљубуваат, брзо стапуваат во сексуални односи, а од како ќе се венчаат изразито се среќни и вљубени, меѓутоа со време стануваат се пореални и покритични. Така квалитетот на бракот често може да се наслути како основна карактеристика на врска. И додека недраматичниот тип на врска поврзан со подоцнежните квалитети на бракот, турбулентна или страствена љубов во врската подоцна предизвикува или продолжеток или настанување на несоглсувања, разочарувања, го намалува брачното задоволство и се почесто се завршува со развод.

## 2.2.2 Карактеристики на бракот

Во оваа група на одредување на квалитетот на бракот се вбројуваат и оние специфичности по кои брачните дијади меѓусебно се разликуваат. Тука спаѓаат одлики како што се: траење на бракот, етапи на бракот, величина на семејството, постоење на предбрачната кохабитација и бременост или не, како и тоа кој е актуелен брак по редослед, како и некои карактеристики кои се однесуваат на брачните односи како што се на пример поделба на улогите помеѓу партнерите и учествување во одлучувањето (Чудина-Обрановиќ 2006).

**Траење на бракот**

Голем број на истражувања (Глен 1989, Глен 1995, Чудина-Обрановиќ 2006) покажале дека помеѓу должината на траењето на бракот и доживување на квалитетен брачен однос во облик на буквата **U** и има закривен однос. Тоа всушност значи дека во почетното доживување на квалитетот на бракот и задоволството во бракот е доста високо, потоа ќе помине краток временски период, во главно после првата година на бракот опаѓа. После првата година на бракот перцепцијата на квалитетот на бракот стагнира по долг период на одредено ниво додека на крајот повторно се зголемува задоволството во бракот. Врз основа на траењето на бракот, некои автори го делат целокупниот брак на етапи, а истражувањето на овие етапи со задоволството во бракот дава слични резултати на оние во односот на квалитетот и должината на бракот во облик на буквата **U** авторите како штосе Глен (1989), Росс и соработниците (1990 – Чудина - Обрановиќ 2006) Докажале дека бракот е доживеан како најквалитетен во етапа која карактеризира почеток на бракот и времто без деца, а во следните етапи кои се однесуваат на периодот на раѓање на децата. Нивното детство, школското возраст и адолесценција проценета на квалитетот на бракот е понизок за да во етапата на бракот, кога децата веќе ќе пораснат, повторно да се зголми квалитетот на брачните односи и задоволството во бракот.

### 2.2.2.1 Предбрачна бременост

Мал е бројот на истражувања во кои се испитува како предрачната бременст делува на квалитетот и стабилноста на бракот. Меѓутоа во две истражувања добиени се резултати кои говорат за тоа дека предбрачната бременост делува неповолно . Таа го намалува задоволството во бракот па дури и ако бременоста била планирана и ако односите меѓу партнерите претходно биле складни. Во таквите бракови поголем е притисокот и фрустрацијата на партнерот, тие почесто се караат што сето тоа раезултира со помали брачни задоволства и послаба стабилност на брачните односи. (Тошиќ 2009)

Еден од негативните ефекти е и можноста на поголем притисок од страна на родителите, паровите што побрзо да стапат во брак. Тоа може негативно да влијае на квалитетот на бракот.

### 2.2.2.2 Редослед на бракот

Во повторниот брак обично квалитетот на брачниот однос е понизок (понизок во втриот одколку во првиот, понизок во третиот од колку во вториот). Ова се објаснува како поголема критичност и иритабилност на партнерот, финансиски обврски кон партнерот и на децата од првиот брак, трауми од предходниот брак, (66% од жените) голема љубомора кон предходниот партнер посебно кај жените (34% од жените) тешкотии во заедничкиот живот со децата од двата брака, дисциплина и рамноправност на децата од разлчни бракови. (Чудина-Обрадовиќ 1998)

### 2.2.2.3 Поделба на улогите

И кога се двата партнери вработени, мажите доследно учествуваат помалку од колку жените во домашните обврски и околу децата. Во врска со ова голем број на истражувања дека бројните и конфликтни барања на работата и семејството ствараат стрес за жената, која често се пренесува и негативно влијае на задоволството на жената во бракот и квалитетот на брачните односи (Ботетал,Војданоф 1988 ; Тошиќ – Тодоровиќ 2011)

### 2.2.3 **Брачни процеси**

Брачните процеси пред се се однесуваат на интеракција во бракот и оние кои се важни за одредување на перцепцијата на квалитетот на бракот. Тоа пред се се однесува на следните интеракции: љубов меѓу партнерите, вештина на комуникација, сексуално задоволство, поделба на домашните работи, интеракција меѓу брачните партнери, меѓусебна поддшка, судири и задоволства. (Чудна – Обрановиќ 2006).

#### 2.2.3.1 Љубов меѓу партнерите

Истражувањата покажуваат дека брачното задоволство на двата партнери е предиктивна димензија во љубовта и нејзини корелати вклучуваат: доверба во партнерите, взаемно разбирање, емоционално исполнување, интимност (Чудина - Обрановиќ)

#### 2.2.3.2 Вештина на комуникација

Зајакнувањето на слободата и незагрозеност на брачните партнери се намалуваат, а со нивното намалување се зајакнуваат одбегнувањето и неискреноста меѓу нив. Квалитетна брачна комуникација е слободна не е загрозувачка, искрена, а неквалитетна присилна е загрижувачка, избегнува на и неискрена. Функциите на брачните комуникации се одржување на брачното заедништво, зачувување на личниот интегритет на брачните партнери, меѓусебна соработка и разбирање (Брајша 2009) .

#### 2.2.3.3 Сексуално задоволство во бракот

Покрај поврзаноста и блискоста сексуалното однесување, го комплетира партнерскиот однос како трета компонента. Афективната поврзаност и сексуалното однесувње претставуваат два различни сиситеми кои немаат исто потекло, ниту пак ист развој. Поврзаноста созрева порано и одма се активира во потполна мерка, додека во развојниот перид зрелост додека овој систем е активен во помала мерка. За сексуалното однесување важи спротивното-созрева покасно и покасно го достигнува полниот интензитет. Сексуалната реакција често се јавува и без афективни врски, а врзувањето на луѓето не е секогаш следено со сексуална желба (Хазани Зеифман 1994; 2007). Успешното остварување на партнерските врски веројатно ќе почне со сексуална желба и привлечност,

чувствата поврзани со привлекувањето претставуваат моќна компонента на романтична љубов. Се претпоставува дека сексот игра значајна улога во почетните фази, на романтична љубов, меѓутоа и во консолидацијата во одржување на задоволитенлни долготрајни врски. (Никиќ,Травица 2007)

## 2.2.3.4 Поделба на домашните работи

Со оглед на големото зголемување на партипацијата на жената во работната сила, прашањето за поделба на работата во домаќинствата е важна тема на социолозите, посебно затоа што изгледа дека поделбата на работата во домаќинството има тенденција да биде релативино традиционална, т.е жената извршува далеку поголем процент на домашните обврски, одколку што го чини нејзиниот маж и во домаќинствата во која жената е вработена со полно работно време, па дури и кога заработува повеќе од сопствениот маж, па дури и во домаќинствата каде мажот не е вработен. Со драматичната промена за жената во работната сила и културната норма во врска со полните улоги од шеесетите и со неуспех на мажите да превземат подеднаков дел на работата во домаќинството, не е изненадувачки дека поделбата на домашните обврски станала клучен извор на судир и повод за развод во многуте современи бракови.(Тошиќ 2011)

## 2.2.3.5 Интеракција меѓу брачните партнери

Голем број на истражувања се засноваат на бихеовистичкото толкување на задоволство во бракот пробува да ги одреди брачните интеракции, кои го зголемуваат или намалуваат доживувањето на квалитетот на бракот кај брачните партнери. Во интеракција се поврзуваат вербални и невербални пораки, постапки или реакцијата на однесувањето на партнерот. Марголини (1981) утврдиле дека позитивните интеракции како што се пофалби и комплименти, го зголемуваат кај партнерот доживувањето на квалитетни брачни односи, а негативните критики го намалуваат. Се покажало дека интеракциите како такви не се најважни, туку пред се начинот на кој тие се доживуваат или интерпретираат. Така на пример чинот на купување на цвеќе на жената може да се оцени како објективна позитивна интеракција, моѓутоа таа може да се интерпретира различно. Жената може да го доживее како израз на љубовта на мажот, или како навика без подлабоко значење, или како израз на вина. Значи на иста интеракција може да пристапат различни атрибути, а

зависно од природната интеракција ќе има позитивно или негативно делување и нема да има дејство на квалитетот на бракот. (Чудина-Обрановиќ 2006)

### 2.2.3.6 Поддршка на партнерот

Помеѓу брачната интеракција за доживување на квалитетот на бракот највжна е поддршката на партнерите. Колинс разликува три видови на поддршка: емотивна, информациона и инструментална. Емотивната поддршка претставува разбирање, пружање на утеха, грижа и внимание. Информационата поддршка се изјаснува со усмерување, давање на совети, а под инструментална се подразбира различен облик на конкретна помош, како што е извршување на различни работи, парична поддршка и слично. Сите облици на поддршка кои взаемно ја пружаат на партнерот се покажале позитивно поврзани со доживувањето на квалиетот на брачните односи. Истражувањата недвосмислено покажуваат дека потенцијалната и остварената поддршка најважни позитивни предиктор за квалитетот на бракот при што често се наведува дека доживувањето на брачната поддршка е поважна за брачното задоволство на жената од колку на мажот. (Обрановиќ-Чудина 2006).

### 2.2.3.7 Конфликти и злоупотреба

Одредени истражувања за сите форми на злоупотреба, и разработени се различни прашања како што се на пример и на влијание на конфликтите и партнерската злоупотреба на децата , меѓу тоа се спроведени малку истражувања со намера да се утврди како конфликтите во бракот и меѓусебнато злоупотреба на партнерот делуваат на доживувањето на квалитетот на брачните односи. Логична е претпоставката дека таму каде што има конфликти , посебно во облик на физичка злоупотреба, кваллиетот на бракот и задоволството на партнерот не е ни можно да се зборува. Тоа го потврдува и помалиот број на истражувања спроведени во поново време на оваа тема чии резултати ја потврдуваат оваа здраворазумска претпоставка. Физичката злоупотреба обично ги нарушува брачните односи го намалува задоволството во бракот и често во потполнст го разорува бракот. (Чудина - Обрановиќ 2006)

### 2.2.4 Брачна средина

Долго се сметало дека задоволството во бракот како и неговиот се вкупен квалитет зависи во главно од особините на партнерот и нивните односи, додека контекстот во кој се развива и живее брачната дијада се сметало за ирелевантно. Меѓутоа опкружувањето непосредно или посредно врши силно некогаш дури и одлучувачко влијание на одреден брак и може да биде многу важно одредување на квалитетот на брачните односи. Во оваа смисла под брачни опкружувања се подразбираат сите варијабли на непосредна или поширока околина за кои е логично да се претпостави дека се поврзани или дека делуваат на квалитетот на бракот. Таквите варијабли ги има многу а најдоборо се квалификуваат во две групи:

1. Потесно брачно опкружување (структура на семејството, брачниот однос и емоционални односи на партнерите и бракот)

2. Пошироко брачно опкружување (рабта надвор од семејството, економски и политички прилики во кои живее семејството и разни облици на стресс) (Чудина-Обрановиќ 2006)

**Структура на семејството и брачните односи на партнерите**

Истражувањата потврдуваат дека на квалитетот на брачните односи влијае семејството каде брачните партнери се возрасни. Според Обрановиќ (2006) Децата кој растат во непотполни семејстава според резултатите на истражувањето немале можност да ги научат вештините на однесување, однесувањето на еднородителските семејства, во составување на компромис , вештина на давање на партнерската поддршка, а таа мала вештина разорно делува на нивните брачни односи. Негативно влијание има и разводот на родителите кои спрема резултатите ја зголемува веројатноста бракот на нивните деца да се распадне дури и до 70% затоа што на детето се пренесува моделот на однос во семејството. Децата ги прифаќаат одредените примери на однесување, следејќи ги своите родители и нивниот однос, а подоцна го повторуваат нивниот однос, а подоцна го повторуваат таквото однесување со својот партнер. Врз основа на лунгитудинални истражувања покажуваат дека постои меѓуѓенерациски престанокт. Е поврзаност меѓу

нарушеноста и конфликтите во бракот на родителите и лошите брачни односи на нивните деца покасно.

## 2.2.4.1 Однос на приврзаност во раното детство

Теоријата на ефективното врзување (Хазани Шавер 1987, 2006) ги застапуваат верувањата дека партнерските врски всушност се засноваат на внатрешните работни модели стекнати во детството. Кога детето ќе осети дека личноста за која е врзано е во близина и полна со разбирање, се чувствува безбедно, сиигурно, полно со самодоверба и обратно. Хазани Шавер воочиле дека партнерските односи на возрасните се карактеризираат со динамиката која е слична на ова. Возрасните исто така се чувствуваат сигурно кога партнерот и е во близина. Видови на индивидуални разлики приметени во односот мајка дете слични се и разликите идентифицирани во партнерските односи.

## 2.2.4.2 Деца во бракот

Најчест заклучок на стари и нови, трансвезални и лонгитудинални истражувања околу влијанието на детето за доживување на квалитетот на бракот е дека со раѓање на детето значајно се менува доживувањето на бракот на едниот или на двата партнера посебно на жената. Така на пример Шапиро и соработниците 2000 врз основа на логитудинални истражувања, покажуваат дека доживувањето на квалитетот на бракот, од раѓањето на детето паѓа прво кај жената а потоа и кај мажите, што е последица на зголемен број на улоги и конфликти меѓу тие улоги. Лонгитудиналното истражување на Хјустон и сор. Покажало дека во правата година на бракот доаѓа до пад на задоволството без оглед на тоа има ли парот дете или не.

## 2.2.4.3 Економски и животен стрес

Објективните економски тешкотии , економската несигурност и прилагодување на нискиот економски стандард и прилагодување на низок економски стандард влијаат на однесувањето и чувствата на членовите на семејството, нивните меѓусебни односи, а можат да имаат и разорено влијание на интегритетот на семејството во целина. Неповторливото субјективно влијание на сопствената економска ситуација пред се се одразува во поголема раздразливост и депресија на брачните партнери, а понатаму тоа

може да води кон зајакнување во уживањето во алкохолот, зголемувајќи го непријателството, агресивноста, дури и злоупотреба меѓу партнерите, што се одразува на промената во стабилноста и доживувањето на квалитетен брачен однос. Објективните економски тешкотии или субјективната проценка на статусот на таков начин (економски стрес) негативновлијае не само на брачните партнери, туку под нивното дејство партнерите стануваат неадекватни во својата родителска улога, семејството престанува да биде место каде што се обезбедува сигурно поддршка, се намалува надзорот наджививотот и развојот на детето , што има негативни последици на децата како што се идење во наркоманија, алкохолизам, депресија (Чудина - Обрановиќ )

## 2.3. Особини на личноста како предиктор на интерперсонални односи и задоволства во бракот

Истражувањата покажуваат дека на партнерското задоволство на бракот влијае неуротицизмот и отвореноста, при што неутротицизмот на жената има важни ефекти на брачното задоволство на мажот (ЛестерХаиг и Монело 1989) во своето истражување наведуваат дека екстраверзијата на брачниот партнер е негативно поврзана со брачното задоволство на другиот партнер. Едно од многуте објаснувања добиени од резултатите може да биде тоа дека екстраверзните поединци во голема мера дружат и развиваат односи со потенцијалните, алтернативните партнери и со тоа го загрозуваат односот со актуелниот брачен партнер. (ДорчиќМаглица 2009).

Истражувањето реализирано од Бусс 1991 нашол дека жените венчани за мажи кои постигнуваат ниски резултати на емоционална стабилност, самосвесност, и повеќе ги опишуваат мажите како одбивни, недоверливи, посесивно зависни, љубоморни, запоставени, физички и вербално злоупотребени, неверни, необзирни, невнимателни со чести промени на расположение, конзумирање на алкохол, емоционално закочени и самоориентирани. Мажите исто така се жалеле на личноста на жената меѓутоа не во толкава мера: тие кои постигнуваат ниски резултати на емоционална стабилност, и совесност и се опишувани како неверни, емоционално закочени, посесивни, љубоморни,

зависни, само ориентирани и сексуално отворени кон другите мажи. Исто така се покажало дека најдобар предиктор на машкото задоволство во бракот е самосвеста на жената. Жените со пониска самосвест имаат поголема тенденција на впуштање во флерт со други мажи и сексуално неверство, од еволуционерното гледиште на мажите тој факт им е погубен за брак. Како најдобар предиктор на задоволството на жената се нашле две црти на личност кај мажот: емоционална стабилност и внимателност што може да се објасни со фактот дека мажите со тие две црти имаат најмала веројатност да станат злоупотребени. (Стернерберг и Хојат 2007).

Лио и Клохен (2005) во своето истражување добиле податок дека сличноста во ставовите и вредностите на брачните партнери имаат многу поважна улога од појавување на нивните квалитети на личноста. Исто така утврдиле дека сличностите на нивните особини на личноста имаат влијание на задоволството во бракот (посебно за жените) иако не толку колку нивните лични особини. Исто така наведуваат дека сличноста на личниот партнер не е последица на бракот и заедничкиот живот, ниту тоа дека нивната поврзаност со задоволството на бракот не прави линеарен однос (туку по изминување на одреден период, ниту поголемите сличности, немаат подалечно влијание на задоволството).

## 2.4. Интимниот живот на брачните партнери

Дали сексот е магичната состојка што ги поврзува повеќето брачни партнери во текот на толку многу години заедно? Од биолошка гледна точка сексот е централен елемент на бракот, тој води до планирање на деца и е еден од најважните фактори партнерите да се грижат помеѓу себе и децата. Според традиционалните ставови се претпоставува дека сексуалното однесување се одвива целосно во рамките на бракот, но во последните години има големо зголемување на вонбрачна сексуални врски. Постојат и големи индивидуални разлики; многу жени тешко доживуваат оргазам, а над 10% никогаш не доживеале оргазам. В.Фридман сексолог утврди дека 50% од мажите и 30% од жените семејни и вонсемејни силно се незадоволни од сексуалениот живот. Разлики меѓу половите има и во врската со желбата за сексуални контакти: мажите велат дека имаат поголема желба за разлика од

нивните сопруги. Многу жени велат дека имаат полови односи почесто отколку би сакале, многу сопружници - дека би сакале повеќе полови контакти отколку имаат.

Испитувањата покажуваат желбата за сексуални односи зависи повеќе од возраста на сопругата, одколку од возраста на сопругот. Ова веројатно се должи на фактот дека со зголемувањето на возраста се намалува силата на дејство на половите хормони на жената и поради тоа се намалува нејзиното сексуална желба и реактивност. Сексуалната задоволството на мажот е поврзана со силата на сексуалните желби на сопругата, но задоволството на сопругата не трпи слично влијание.

Други студии откриваат дека постои врска помеѓу задоволството од сексуален живот и среќата во бракот. Но дали првото води до второто или обратно? Кај мажите сексуалното задоволство води и до задоволството од бракот, додека кај жените е точно спротивното (задоволството од бракот, води до задоволство од сексуалниот живот). Со други зборови кај мажите сексот води до љубовта, а кај жените љубовта води до секс.

Кај жените сексот и љубовта се тесно поврзани, додека кај мажите постојат и често е така сексуални контакти без љубов. Биолошки интерес на жената е да има партнер кој ќе биде постојан извор на поддршка и заштита за неа или за децата и, затоа љубовта има клучна важност. Биолошки интерес на мажот е да има потомство, што може да се одвива преку секс без љубов. Ова се генетски и биолошки утврдени разлики меѓу двата пола.

Интимниот живот е многу важен за брачните партнери, но во исто време половина од нив велат дека по склучувањето на бракот се сексуално незадоволни, а многу од сопругите не искусиле оргазам во голем дел од сексуалните контакти. Сепак повеќето од брачните партнери се согласуваат дека сексот е многу важна работа, иако не толку важно како и љубовта, но брачните парови имаат потреба токму од оваа комбинација.

Предбрачниот интимен живот е апсолутно е табу тема во некои култури и нормален дел од животот на луѓето од други култури. Тој е најстрого контролиран во културите каде жената наследува имотот особено од земји каде што има напредно земјоделство, поради што семејствата се принудени да извршуваат построга контрола врз сексуалните врски. Често семејствата од високите класи бараат поголеми ограничувања, бидејќи имаат повеќе сопственост и треба да се грижат за неа. Во Англија на пример од 1939 година "сексуалната

револуција" донесе значително зголемување на предбрачните сексуални контакти благодарение на поголемото ширење и ефикасност на контрацептивни средства, така дојде до зголемена независност на младите луѓе од нивните родители.

Љубовта донесува различни форми на зависност од "достапноста на секој пол. Во некои историски периоди постоел акутен недостиг на жени. Во средниот век имало недостаток на жени, бидејќи жените често оделе во манастир. Во 1890 година во Американскиот запад односот меѓу мажи и жени било 16 до 1, бидејќи многу малку жени ризикувале да живеат во овие краишта. Затоа постоела традиција на голема учтивост и почит кон жените. Во текот на подолго време бракот бил решение на самите родители кои одлучувале за брачниот живот на сопствените деца. Ова и понатаму е пракса во голем дел од Индија и други земји на Исток.

Истражувањата во 43 култури откриле дека романтичната љубов била распространета таму каде што имало повеќе слобода во избор на партнер и каде имало повеќе контакти меѓу младите мажи и жени кои се занимаваат со заеднички активности. Транзицијата кон речиси целосна слобода на изборот добиле во почетокот на 20 век на Запад и "идеологијата" на љубовта била во голема мера засилена од холивудска "митологија". Сепак изборот предводен од романтични чувства далеку не е случаен и доаѓа по долг период на истражување. Особено изборот на жените е премногу рационален.

Соживотот како масовно појава во современиот свет се појавува прво во Скандинавија, познато како "пробен брак", и доста ги шокира и заинтригира другите западни земји.

Може ли психологијата да објасни феноменот на вљубените? Очигледно тука сексуалноста има големо значење и најверојатно постои биолошка еволутивна основа на процесите. Во исто време треба да помниме дека "залубеноста" се забележува само во некои култури во одредени историски периоди. Она што има универзално значење, е многу силна и долготрајна приврзаност помеѓу брачните партнери. Изгледа кај човекот има некаква еволотивна причина поврзана со потребата од постојан дом за воспитувањето на неговите деца. Постои и генетски предност за бракови надвор од семејството (се избегнуваат бракови помеѓу роднини)

Во раните периоди на човековата цивилизација членовите на различните племиња веројатно имале многу кратки контакти и можеби било потребно врската да се создава брзо. Феноменот "заљубеност" како да е ограничено во одредени култури и историски периоди бракови по договор често се среќаваат во човечката историја. Способноста за сексуална љубов може да се рзавива уште во детството. Тесната близина помеѓу родители и деца е модел за крајно сексуално однесување. Јасно е дека многу од основните примероци на однесување меѓу родителите и детето се пренесуваат во ситуацијата на додворување. Многу форми на интимност во оваа ситуација држење за рака, прегратки и бакнежи се репродукција, спомен од врските помеѓу родителот и детето.

Во пракса голем дел од однесувањето на вљубените може да се смета и разбере како враќање односно повторување на врската која била караксеристична за врската "родител дете" стил на нежност и загриженост, како двајцата вљубени ги преземат улогите на родителот и детето и се менуваат во нивното извршување. Треба да ги проценуваме степенот на културни разлики во љубовта. Постои теорија, која ги комбинира биолошките фактори со важноста на љубовната "идеологија". Ако некој поединец доживува физиолошка возбуда и ако ситуацијата укажува на тоа дека неговите чувства можат да бидат прогласени за љубов, тој или таа ќе интерпретираат состојбата како вљубени. Така може да биде означена сексуалната возбуда, но исто така и други емоции, на пример стравот.

Освен тоа, колку повеќе двајца заедно на некој начин функционираат толку посилна станува нивната зависност, ако заедно создаваат дом, ако жената забремени, полето на нивните заеднички интереси се проширува. Ова не е размена на "права", бидејќи двајцата имаат речиси идентични интереси, иста задоволство од исти резултати од заедничката активност. И секој го ужива задоволството на другиот "задоволство и маката на сакана личност станува наша сопственост" (Спиноза).

Спроведените истражувања на алтруистичната загриженост од брачни партнери децата меѓу 5 и 15 години, пријателите и колегите покажуваат дека најсилен алтруизам се манифестира кон сопругот (сопруга), а потоа кон детето, пријател и колега. Чувствата кои се поврзуваат со љубовта се: грижа за другиот, разбирање, другарство, меѓусебна поддршка и приврзаност, преданост и близина.

## 2.5 Социјален статус

Социјалниот статус се дефинира во однос на: материјалните добра со кои располага одреден поединец, група или семејство, вработеноста, приходите кои ги остварува, образованието, професијата на поединецот, членовите на групата или семејствата. Социјалниот статус ја одредува моќта или немоќта на семејството. Од социоекономската состојба во која се наоѓа семејството зависи задоволувањето на базичните, но и на повисоките материјални и нематеријални потреби на членовите во семејството. На пример, едно семејство со низок социјален статус не е во можност да ги задоволи основните потреби на членовите за храна, облека, за образование, соодветна здравствена заштита и тн. Незадоволувањето на овие потреби е честа причина и за нарушување на односите во семејството.

Социјалниот статус не ја одредува само материјалната состојба на семејството и неговата економска моќ или сиромаштија. Социјалниот статус е основен непосреден генератор на односите во семејството – односите помеѓу родителите – помеѓу родителите и децата и помеѓу децата. Од односите меѓу членовите зависи семејната структура и функција. Структурата и функциите на семејството се исто така меѓусебно поврзани и зависни. Не е редок случајот по нарушување на односите во семејството кои неминовно водат до нарушување на функционалноста на семејството, сето тоа да предизвика и распад на семејниот систем, развод и промена во структурата на семејството. Тоа доведува до појава на непотполно семејство кое уште поизразено е подложно на негативни влијанија врз неговите членови. Секако не се ретки обратните процеси, односно, промената на социјалниот статус (во нагорна или надолна линија) да предизвика распад на семејниот систем, односно, промена во семејната структура при што во непотполното семејство да се појават различни дисфункционални обрасци на однесување кај неговите членови.

Од претходното може да заклучиме дека проблемот кој ќе се истражува во овој труд ќе ги опфати двете прашања: прашањето за влијанието на социјалниот статус на партнерите низ истражувањето на сите фактори кои го чинат социјалниот статус и задоволството од бракот.

## 2.6 Социјални индикатори – основни концепти

Првичните напори се ослонуваат единствено на "објективни" индикатори - собирање на општествени статистики како на пример, стапката на разводи или пак процентот на луѓето кои што го завршиле средното образование, надгледувани со текот на времето како индикатори за подобрување или опаѓање на квалитетот на животот во заедницата (Gilmartin, Rossi, Lutomski & Reed, 1979).

Субјективните индикатори на благосостојбата, како на пример мерките за сатисфакцијата од животот и забележаниот квалитет на животот, беа развиени за да ги надополнат објективните индикатори. Тие имаат за цел да обезбедат разбирлива проценка на добротата или квалитетот на животот, од перспективата на граѓанинот. Потребата за вакви мерки беше очигледна од самиот почеток.

Campbell i Converse (1972) ја искористија аналогијата на брод управуван кон дестинација оценета "објективно" за неговиот прогрес преку проценките на брзината и близината до точниот курс. Тие запрашаа реторично, зар некој не би требало да знае дали дестинацијата на бродот е пожелна за неговите патници.

Субјективната благосостојба е потесно поврзана со сегашните животни околности. Одливот и приливот на животните настани, сознавањето за нив и бујната меморија за тие настани завземаат многу важен дел во регулацијата на дефективните стадиуми. Стабилна диспозиција да се преживееат позитивните влијанија и задржување на високите сопствени очекувања влијаат за субјективната благосостојба. Ваквите ефекти во тековните услови и личносните разлики најверојатно ќе бидат поакцентирани за субјективната благосостојба.

## 2.7 Демографски разлики и ефектите на секојдневниот живот во субјективната благосостојба

Меѓу многуте изненадувања во првичните резултати во истражувачката сфера беше и релативниот недостаток и силна демографска корелација на благосостојбата во светски рамки. Перцептивните мерки се очекуваше да се прилагодат на причината од објективните

статистики а воедно луѓето со пониско образование и ниски примања да репортираат доследни психолошки благосостојби. Многу студии најдоа врска помеѓу хонорарот и образованието од една страна и бројот на истата врска е многу мал т.е помал од 5 %.

Брадбурн (1969) пронаоѓа дека хонорарите се многу повеќе поврзани со негативните отколку со позитивните ефекти, и специјално се предскажани од благосостојбата на понизок крај од бесконечниот приход. Диенер (1984) открива дека тие што се многу богати се различни од тие што се средна класа и контролираат многу позитивни ефективни состојби. Значи ефектите од хонорарите се јавуваат различно и во различни нивоа, и истото ја покажува врската во нивоата на хонорарите во кои што парите не дејствуваат на среќата.

Брачниот статус е најсилната демографска врска на благосостојбата, а со статусот на развод многу од одговорностите за ефектите се набљудуваат. Исто така се набљудува и разликата во полот. Одгледување на деца, посебно ниските животни сатисфакции процентуално повеќе за жените отколку за мажите, додека бракот води до повисока благосостојба на мажот, а истото е повеќе двосмислено во дејствата на жената.

Со исклучок на болните стари лица, годините носат малку поголема благосостојба. Но исто така има неколку позитивни ефективни искуства според Брандбурн. Овие загуби се придружувани од малку негативни ефекти кои се појавуваат, како дефинирани очекувања за иднината. Може да се променат сваќањата за животните случувања во врска со одговорноста и тенденцијата постарите да бидат повеќе задоволени преку редукција на нивните лични побарувања за среќата. Како и да е ставовите и културните разлики помеѓу пријателите од различна возраст може исто така да ги објасни разликите во груповата возраст. Мал ефект на благосостојбата стига до демографските и социјалните разлики а воедно и до другите комплексности. За разлика од социјалниот статус, како на пример образованието, каде што мерките се кумулативни индекси на статусот, како што е задоволството и субјективната благосостојба, можат многу да им повлијаат на актуелните случувања отколку на целосниот збир на минатите искуства. Никој до сега не се обидел да го идентифицира распаѓањето на влијанието од важни случувања во перцепцијата на благосостојба и животните квалитети преку времето, но е веројатно да биде суштински дефинирано а истото не е откриено се до ден денес.

## 2.8 Типови на брачни партнери

За решавање на конфликтите многу се корисни ЈАС пораките. наместо брачните партнери да разговарат со обвинувачки тон и со (реченицата) пораката ТИ. ,Како комуницираат брачните партнери низ која истите нудат љубов, разбирање, сочувство и прифаќање.зависи од типот на брачниот партнери што е од пресудно значење за квалитетен брачен однос, дури тогаш кога истите се лути и се расправаат. Дистанциран брачен партнер ориентиран е кон себеси и има страв да покажува блискост критичен, размислува за себе, опсервира, анализира, автономен е, независен, објективен е и ги почитува фактите. Овие се неговите позитивни особини. додека негативни особини се недоверлив, затворен, агресивен, студен, безобзирен, неемпатичен, одбегнува да ги покажува емоциите.лесно не се восхитува. Има високо чувство на сопствена вредност.контролира и прави другиот брачниот партнер да се чувствувате несигурен. Комуникатвниот брачен партнер сака топлина, близина, но тој има страв од дистанца. Друштвен е, поддржува, мотивира, соработува, со брачниот партнер, емпатичен, мирен, подготвен на компромис, интуитивен, непосреден, симпатичен. Негативни особини: се зависен, одбегнува конфликти, преемотивен, се зема лично врз него, наивен, подмитлив, презема улога на жртва, немоќен, депресивен, претерано се фали. Своите потреби нема да ги стави на прво место и секогаш е подготвен да помогне. Конзервативен браќен партнер има потреба за траење и стравува од промени. Позитивни особини: систематичен, организатор, точен, уреден, прецизен, сигурен, разумен, штедлив, традиционален, држи до прописи и трајност. Негативни: особини доминантен, строг, контролор, догматичен и крут, тврдоглав и песимист, фанатичен, опсесивен. Сака ред, одбегнува ризик и делува одговорно. Флексибилен тип ги сака промени љубопитен е и сака да напредува. Позитивни страни му се: отвореност за се што е ново, спонтаност, креативност, шармантност, полн со идеи, подвижен, практичар, посебен, модерен, насочен кон промени. Негативни се: површен, нестабилен, раздразлив, неточен, превртлив, неразумен, неподнослив, постојано во некаква трка, неодговорен, хаотичен, неорганизиран. Ако еден од брачните партнери има екстремни особини од кои само делумно ги наведовме негативно ќе влијае врз квалитетот на брачниот живот на самите партнери.односно

таквите брачни партнери при разрешување на брачни конфликти треба да побараат стручна психолошка помош.

## 2.9. Поделба на работата помеѓу брачните партнери

Поделбата на работата е често видена како главен елемент на било кој роден род и роден режим (Connell,1987). Конкретно, се наведува дека родната поделба на работата е централна карактеристика на нерамноправности меѓу половите, како и во еконимските аспекти така и во социјалните конструкции на родните идентитети.(Lorber,1994).

Од втората половина на 19-от век се јавува идеја на одвоени свери, маж и жена, која притоа е сметана за легитимна и природна и таа е широко прифатена. По неа мажот е насочен спрема јавната свера и има платена работа а жената е здружена за приватната свера, работата во смејството без надополнување во вид на плата. Оваа поделба највеќе ја критикувале фемикиските, укажувајќи на тоа дека нема ништо природно во врска со оваа поделба и дека жените не се биолошки одредени, туку се турнати во улогите во улогата културата која се очекува од нив. Во последните неколку децении мажените жени покажуваат зголемено учество во работната сила и поголемиот број од жените не ја оставаат повеке работата ни во текот на првата година во процесот на одгледување на децата (Spain и Bianchi,1996 спрема Amato,2003). Пред се одредени сваќања одамна ја поврзуваат брачната нестабилност со врботеноста на мажените жени и покажуваат паралелно зголемување на учество на жената во работната сила и развод во тек на минатиот век (Rogers, 1999). Скоро секоја емпириска студија покажува дека постои позитивен однос помеѓу брачна нестабилност и развод и вработување на жени воопшто, како и број на нејзините работни саати неделно. На пример, се наведува дека жените кои работат 35 саати неделно или повеќе, имаат 60% поголем ризик од пореметување во бракот (Mott и Moore,1979) и најмалку двапати поголем ризик од прекин на бракот од оние кои работат 20/25 часа неделно (Greenstein 1990). Накратко, женската историја на вработеност и работен стаж е во позитивна врска со мислите за развод и жени во група со висок ризик за развод воглавно се во работен однос, имаат поголеми плати и работат повеќе саати одколку жените во ниско ризичните групи (Greenstein,1995). И не само што вработеноста кај жените ја зголемува сколоста за развод, туку одредени наоди указуваат да вработеноста кај жените, и во стабилни бракови доаѓа до послаби брачни прилагодности и го доживува квалитетот на бракот. Утврдено е, дека вработеноста кај жената е поврзана со зголемени брачни несогласувања и зголемени проблематични семејни односи.(Rogers и Amato, 2000). Број на

саати поминати на работното место, работни карактеристики, како што се задоволствата на работа, поради распоредот на работното време често се насочени како фактори кои се однесуваат на процените на сопружниците за квалитетот на бракот.

Галамбос и Сиберајзен откриле дека поголемиот број часови на работното време кај жените предизвикува поголемо ниво на семејни кавги и несогласувања.

Работењето на смени има посебно негативен ефект врз квалитето на бракот, неправилното работно време на жените дури има тенденција да ја зголеми веројатноста за развод. Исто така,поголемиот стресс и ниското задовлство на работа обично се штетни за задоволството во бракот(Blair, 1980). Кога станува збор за заработувачката на жените, пред све разликите во заработувачката на сопружниците имаат значајно влијание врз кавлитетот на бракот и брачната стабилност.

Паровите пријавуваат подобро брачно прилагодување кога поголемата количина на пари ја заработува мажот, а посебно лошо влијае врз квалитето на бракот високата заработувачка на жената.

Во традиционалните бракови каде мажот се грижи за доходот,а жената се грижи за куќата, врската е балансирана и секој партнер е моќен во одредена област која е значајна за другиот. Професионалните достигнувања на жените и претат на комплементарноста на односите.

Исто така е потврдено дека вработеноста ја одалечува жената од нејзините традиционални куќни одговорности,со можни ефекти на зголемување на стресот и недоразбирања во бракот како и зголеменост на незадоволството во бракот кај мажите.

На пример, (Ratclif,1988). Утврдиле иако мажите ја ценат заработувачката на својата жена, многумина продолжуваат да веруваат дека сепак местото на жената е во домот и дека невработеноста ги прави подобри домаќинки и често се непријателски орјентирани кон платената работа нажените и потполно се задоволни ако тие се еднииствени хонорарци на семејството.

(Plecl, 1989) укажува дека со вработеноста мажот ја потврдува својата машкост и улогата на хонорарец на семејството тој работен однос на жената не само што ќе ја смени работата на жената во домаќинството и обврските кон мажот,туку исто така ќе го земе неговиот главен идентитет како маж.

(Kingston и Nock, 1987) наведуваат дека во браковите каде се вработени и мажот и жената доаѓа до губиток на меѓусебната интеракција и заедницата во секој дел од семејниот живот, а за кој е покажано дека во голема мера влијае во квалитетот на бракот, а во екстремни ситуации може да дојде сопернишство и натпреварување помеѓу сопружниците, што ги пореметува брачните односи.

Од друга страна кога станува збор за жените, иако постојат докази дека вработеноста и заработувачката на жените има за неа бројни вредности, од друга страна нагласува дека вработеноста на жената може негативно да влијае на кавлитетот на брачните односи подигнување на свеста на жената за нееднаквоста на поделбата на родот во домаќинството (Rogers и Amato, 2000)

Како и да е, вработеноста на жената ги пореметува традиционалните родни улоги и смалување на комплементарноста на улогата на сопружниците негативно влијае на квалитетот на бракот и брачната стабилност.

Иако економската независност на жената може негативно да влијае на мажите посебно ако доприносите на сопругата тие ги гледаат како своја немоќ успесно да ја извршуваат својата улога,утврдено е дека за мажените жени, згоемувањето на нивниот апсолутен и релативен ресурс имаат доследно позитивни ефекти, допринесува за поголема психолошка благосостојба и зголемена брачна среќа. И не само што приходите на жената не мораат нужно да ја пореметуваат стабилноста на бракот, туку многу влијаат врз смалување на разводот и делуваат позитивно врз среќата на бракот. Како поедници и жените и мажите можат да имаат корист од заедничките одговорности за издрзување на семејството (Rogers и Deboer, 2001). На пример, женскиот приход може да го подобри квалитетот на бракот и позитивно да влијае на животниот стандарт и смалување на економскиот стрес за кој е покажано дека има штетни негативни ефекти на интеракцијата на брачните партнери и кавлитетот на бракот (Voydanoff, 1990). Приходот на сопругата може дури да го смали ризикот од развод зголемувајќи ги заедничките приходи и воедно подобрување од заедничкиот живот од една страна и вистинските трошоци за развод од друга страна.(South и Spitze,1986,кон Rogers и DeBoer,2001).

## 2.10 Ефекти од вработување на брачните партнери

Кога зборуваме за ефектите од работата која личноста ја работи, разликуваме два вида работи. Од една страна,тоа е платена работа, која подразбира занимавање со професија за која личноста се образовала,а од друга страна неплатена работа која подразбира разлицни куќни работи.

Платените работи овозможуваат понатамошно напредување, усовршување, поврзани со улогата и статусот со личноста, и често се извор на задоволство. Куќните работи се рутински, најчесто околината не ги приметува, со самота тоа и не ги вреднува, а на поединецот не му причинуваат задоволство. Првата група работи традиционално им припаѓаат на мажите, а другата група на жените. Постојат семејства во кои и мажите извршуваат одреден дел од работата поврзан за организација на домаќинството, меѓутоа тие работи се само повремени,одзимаат помалку време и личноста сама одлучува кога ке ги изврши. Во оваа група на работи спаѓаат работи како што се плаќање на сметки,ситни поправки по домаќинството и слично.

Групата работи кои ги извршува жената директно влијаат на опстатокот од семејството и е неопходно да се извршуваат секојдневно. Во оваа група работи спаѓаат подготвување храна,одржување на чостота во животниот простор, перење алишта купување прехрамбени производи и тн.

Изучувањето на поделбата на работите половите улоги станаа актуелно во последните децении кога половата улога дзивеала интензивни промени. Жените се занимавале исклучиво со домашни работи, додека денес поголемиот дел од луѓето сметаат дека и жента треба да биде постојано вработена надвор од семејството.

Разликуваме традиционални и егалитарни ставови кон половите улоги. Традиционалните ставови подразбираат големи разики во врстите на работата со кој треба да се занимаваат мажите и жените. Егалитарните ставови подразбираат дека нетреба да постои поделба на работата на машки и женски и дека двата вида работа можат подеднакво добро да ги работат различните полови.

Во реалноста иако жените се вработени надвор од кукјата,жените и понатаму ги изврзуваат најголемиот дел од куќните работи. Оваквата позиција бара постојано балансирање помеѓу работата и семејството. Најголем број од жените се наоѓаат во одреден период во кој од една страна во работниот свет стануваат се повеќе егалитарни,

додека од друга страна постојат цврсти традиционални очекувања од половите улоги кои тие настојуваат да ги оправдаат во семејството.

И додека нееднаквоста на поделбата на работата во домаќинството е поврзана со чувството на жената неправда, депресија, незадоволството во брак (Coltrane, 2000), кога се смета дека домашните работи се поделени објективно, задоволството кај бракот има тенденција да биде поголемо. Големи број на родните улоги кога е во прасање поделбата на работата, го утврдува истражувањето на 139 брачни парови со релативно изедначени професионални статуси

Резултатите покажуваат дека голем број од материјалниот приход на жените поврзан со довербата на самите жени покажува дека тие лошо ги извршуваат своите улоги како сопруги и мајки. Нивните мажи биле исто така незадоволни на начинот на кој тие ги исполнуваат своите улоги како жени. Мажите кои повеќе заработувале биле задоволни со исполнување на своите улоги. Исто така, жените во семејството во кои мажот ја превзема целата одговорност за децата се доживуваат себеси како лоши мајки. Успешноста во една област ја добива помалата последица за успешност во друга област. Теоријата на социјална размена нагласува еднаквост за брачно задоволство, меѓутоа, се работи за субјективна процена на еднаквости, која не подразбира извршување ист пол од страна на двата пола. Жената со изразито традиционално ставови доживува еднаквост доколку самата ги извршува сите домашни работи и самоволно води грижа за детето, додека нејзиниот маж се грижи за материјалната егзистенција на семејството. Ваков организиран пар може да биде задоволен на својот живот и брак. Незадоволството на бракот би се појавило доколку личноста од женскиот пол со егилитарен став која самостојно ги извршува сите домашни обврски.

За задоволство на бракот е важно ускладеност на ставовите на родните улоги и организационата работа а не конкретна поделба и количина на работата која се извршува.

# 3.Теории на задоволството од бракот

## 3.1 Теорија на социјална размена

Оваа теорија ја развиле Тибат и Келеиво 1859 год. Додека концептите на оваа теорија Левингер ги примени на бракот во 1965 и 1979 (Карнеј и Брадбури 1995) Според

оваа теорија, меѓучовечките односи и врскки се втемелени во процесот на социјална размена добивката и губитокот меѓу партнерите. Привлечноста меѓу партнерите, пречката за раскинување на партнерските односи и присуството на привлечните алтернативен се задоволството на бракот и брачните односи. Задоволството на одредена личност од врската можеме да го процениме само ако знаеме каква корист има поединецот од врската и кои се неговите очекувања. Доколу очекувањата на поединецот се поголеми од она што тој моментално го има ќе биде незадоволен, но доколку користа е поголема ќе биде задоволен. Стандардот на проценка на стабилноста на врската се нарекува ниво на споредување на алтернативна,а тоа е најмалата добивка која личноста смета дека би ја имала од најповолната алтернатива во случај да е тоа ниво помало од она кое што личноста го има во сегашната врска.

Според теоријата на социјалната размена бракот завршува кога е мала привлечноста на врската, кога е мала пречката за раскинување, а сепак алтернативите се примамливи. Значи доколку задоволството од бракот е многу мало или пак постои потполно незадоволство, и пречки (како што се долгите судски спорови или недостатокот на поддршка на семејството за да се прекине бракот) а примамливи се можностите за постигнување на задоволството надвор од бракот, а тоа доведува до прекин во бракот. Овие можности не по секоја цена го вклучуваат постоењето на врска со друг партнер, туку може да се однесува и живот без партнер.

Левис Спаниер 1979 и 1998 (Чудина - Обрановиќ 2006) Брачното задоволство и стабилноста ја поставиле како ортогонални димензии на брачниот исход и со тоа добиле четири квадрати кои може да се објаснат со термините на социјалната размена. Врската е лоша и стабилна а ако е мала привлечност на врската, а голема е пречката за излез од врската. Бракот е добар и стабилен ако одговара привлечноста , пречката мала, а алтернативите надвор од бракот се многу привлечни. Врската може да биде добра и стабилна, како и лоша и нестабилна. Предноста на теоријата лежи во трајнопоставените граници помеѓу терминот брачно задоволство и брачна стабилност. Недостаток е тоа што оваа теорија не објаснува како доаѓаат промените во бракот. Не е земена во предвид временската перспектива при приликата на објаснување на недостатокот на перцепцијата на привлечноста и пречките и нивните промени во текот на бракот. Може да се каже дека

првите неколку години на бракот ги карактеризира поголемата привлечност на партнерите. Така да иако постојат помалку пречки за прекин на бракот (партнерите се многу млади па можат да започнат живот со некој друг, не постоење на деца на почетокот на бракот, кое се во главно најчеста пречка за одвојување на партнерите), а тој сепак да не биде прекинат. Во некои случаеви доколку предбрачното забавување не овозможило реална слика за партнерот може да дојде до прекин на брачната заедница и на самиот почеток.Тенденцијата на постарите брачни партнери е да останат во брачната заедница и покрај монотонијата, намалената старост и блиските односи, справувајќи се со навиката да се живее со партнерот или пак прифаќајќи ги сите недостатоци кои влијаат врз постоењето на тоа задоволство. Може да се каже дека сепак не може да се изведе еден општ заклучок за тоа како со времето се менува привлечноста и кои се пречките кои го оневозможуваат прекинот на врската, бидејќи секоја брачна заедница е карактеристична по единственоста и специфичноста сама по себе.

## 3.2 Бихевиорална теорија

Бихевиоралната теорија исклучиво е насочена кон интеракцијата на брачните партнери и ја нагласува важноста на интерперсонална размена на специфични однесувања меѓу партнерите. Некои од тие однесувања како што е љубовната изјава, прифаќањето комплименти имаат награден карактер, додека пак при говорите карактеристиките и осудувањата претставуваат казна за партнерот. Перцепцијата на брачниот квалитет ќе биде толку поголема, колку што се почести позитивните облици на однесување на неговиот парнер и обратно перцепираниот квалитет ќе биде помал колку што се почести казните. Брачниот квалитет е последица на меѓусебно наградување и казнување на партнерот во текот на одреден период. Основниот оквир на награди и казни е проширен со атрибуциите кои партнерите меѓусебно си ги даваат со своето однесување, начинот на атрибуирање на партнерското однесување зависи од квалитетот на брачниот однос.

Ако бракот е добар, позитивното однесување на партнерот, личноста го смета тоа за негови внатрешни и стабилни карактеристики, а ако бракот е лош позитивното

однесување го смета како околност. Како променливи надворешни фактори, надворешното однесување на партнерот во добар брак личноста ќе го смета за променливи надворешни фактори, а личноста во лош брак ќе смета дека тоа се стабилни особини на својот партнер. Начинот на кој личноста го атрибуира партнерското однесување зависи од поврзаната врска меѓу интеракцијата со партнерот и чувствата кон бракот и партнерот. Позитивните интеракции доведуваат до позитивни чувства , а тие пак до позитивни атрибуирања кои ги подобруваат односите. Предноста на оваа теорија во однос на теоријата на социјалната размена е тоа што бракот го опишува како динамичен феномен во кој промените се честа појава ја објаснува промената на проценката на брачното задоволство во текот на времето. (Врховски 2004).

Претпоставка на теоријата е дека сопружинците врз основа на интеракцијата во која разменуваат награди и казни доаѓаат до заклучок дали се во задоволителна врска. Позитивните интеракции доведуваат до задоволството што ја зголемува веројатноста за нови позитивни интеракции. Негативните интеракции доаѓаат до разбирање на негативни чувстава, а преку нови негативни интеракции до општо незадоволство од бракот. Инсистирање само на сопружничката интеракција претставува недостиг бидејќи поширокиот контекст не е земен во предвид, занемарени се условите во кои се одвива интеракцијата. Моделот објаснува само ограничен распон на исходот на бракот, а не е јасно како обрасците на интеракцијата кои на почетокот одговарале, а со текот на времето стануваат негативни. По овој повод не е јасно како некои парови со облици на интеракција кои што не им одговараат не се одвојуват туку остануваат заедно.

## 3.3 Теорија на приврзаност

Теориите на приврзаност се темелат врз истажувањата на Болби за поврзаноста на родителите и децата, и од кои произлегува дека природата на првиот близок однос, односно врска го одредува внатрешниот модел на детето за создавање идни врски. Најчестиот облик на приврзаност меѓу детето и мајката или некоја друга блиска личност се нарекува сигурна приврзаност и истата се развива кога родителите се чувствителни на потребите на детето и реагираат на тие потреби. Приврзаноста на децата исто така се

развива и кон родителите кои ги злоставуваат им пружаат минимална или пак лоша нега, но тогаш станува збор за анкосиозни облици на поврзаност.

Некои родители ги злоупотребуваат своите деца преку телесно казнување, со непријателството и ги тераат со сила да го прават она што децата не сакаат бидејќи се насочени кон своите, а не кон потребите на детето. Ваквите не стимулирачки постапки поврзани со телесна злоупотреба и се развиваат анксиозно, одбегнувајќи го образецот приврзаност, децата на ваквите родители не патат од сепарација и избегнуваат контакт со родителте.

Анксиозно-амбивалентниот образец на поврзаноста се развива кај тие деца чии родители не доволно се уклучени во нивниот развој, не доволно ги стимулираат своите деца имаат не доследно однесување и емоционално и телесно ги злоупотребуваат своите деца. Некои деца не покажуваат доследни обрасци на однесување во непозната ситуација, имаат однесување од секоја категорија со необични реакции, како емоционална ладност, не вообичаени изрази на лица и положба на тело па со тоа спаѓаат во категоријата на неорганизирани и неориетирани деца или во категоријата на образец тип Д. (Папалија 1992) и Хазани Шавер 1987 ја примениле оваа класификација Мери Аинсворт на односите на брачите партнери се покажало дека навистина може да се говори за делувањето на неостварената поврзаност од детската возраст при однесувањето во бракот или во врска од зрелата возраст. Личностите кои во своето детство оствариле сигурен облик на приврзаност покасно многу тоа им годи и не се плашат од отфрлање или пак од преголемаблискост. Овие личности имаат најголема можност да создадат квалитетни и долги врски. Ако врската е квалитетна можно е да дојде до промена на анксиозност, облик на приврзаност развиен во детството. Партнер кој што е конзистентен во истажувањето на чувствата и пружа грижа, поддршка, удобност и сексуално задоволство, може да создаде долга и квалитетна врска со личност која во детството имала анксиозна поврзаност, сигурно приврзаните лица во возрасното доба може да создадат лоша приврзаност ако во првата врска наидат на личност со неконзистентни чувства. Типот на приврзаност а од детството не се менува затоа што личноста очекува партнерот да се однесува како најаката, а кај партнерот тоа однесување не е присутно. Така првобитниот облик на

поврзаноста се поткепува и зацврстува. Според оваа теорија задоволството од врската од задоволувањето на основните потреби за грижа, удобност и потреби.

Предноста на оваа теорија е тоа што квалитетот на бракот е поврзан со индивидуалното минато на сопружинците за разлика од бихевиоралната теорија и теоријата на социјалната размена. Недостаток е што ги занемарува изворите на промена потребите од релативна важност во текот на времето.

## 3.4 Теорија на брачна и семејна криза

Иако теоријата за криза првенствено говори за функционирање на семејството, некои истражувачи теоријата ја применуваат за предвидување на успехот на бракот. Оваа теорија се темели врз моделот на Хил АБЦ - Х фактор 1949 кој што го објаснува реагирањето на семејството на агресивни ситуации. Според оваа теорија, односно модел агресивниот настан (А) бара одредена прилагоденост. Семејствата имаат различни ресурси (Б) за соочување со стрес и можат да поставаат различни (Ц) за стресниот настан кое го модифицира делувањето на самиот настан. Природата на кризата е одредена со степенот на ресурси за соочување со стресот доволни за преовладување на одреден степен на настанот.

Предност е тоа што теоријата на криза, прилагоденоста во бракот ја поврзува со надворешните влијанија. Влијанието на надворешните настани е индиректно преку прилагодувањето на сопружинците на стресни ситуации. Теоријата дава објаснување на различните парични исходи, не можно прилагодување на стресните настани доведува до проблеми во бракот. Недостаток е тоа што не објаснува кои видови на одговори на стресни ситуации провоцираат добра прилагодливост, ако и лоша прилагодливост, на кои варијабли влијаат врз промената на ресурсите и перцепција на настаните.

## 3.5 Ранливост - стрес - адаптационен модел

Врз основа на бројни критики, Карнеј и Брадбери предложија нов теориски модел кој до некаде претставува синтеза на претходните модели. Нивниот модел се состои од неколку елементи, одредници за квалитет на брак.

1. Трајна ранливост на брачните партнери

2. Стресните настани

3. Адаптивните процеси

Стресните настани делуваат на квалиетот на бракот и брачните односи, но во интеракција со адаптивните процеси . Со други зброви, иста или трајна ранливост и исти или слични стресни настани, различно ќе делуваат на квалиетот на бракот зависно од адаптационите процеси специфични за некој брак или брачни партнери. Основна улога имаат елементи на бихејвиоралната теорија која единствено ги спецификуваше механизмите на промени во бракот. Така според овој модел, квалитетот на бракот е под влијание на искуствата одбрани од претходни брачни интеракции, а проценката на квалитетот на бракот влијае на однесувањето на партнерите во кризни ситуации, од теоријата за кризата превземена е претпоставката дека стресните настани и потешкотии со кои партнерите се соочуваат имаат влијание врз интеракцијата. Начинот на прилагоденоста на партнерот на стрес ќе го одреди понатамошното влијание на стресот.

Од теоријата на приврзанот, земена е хипотезата дека на квалитетот на бракот влијаат демографските фактори кои поединецот ги внесува во бракот, а опфатени се со поимот ранливост. Моделот предлага да ранливите трајности, влијаат врз способноста. На адаптацијата на стресните настани. Паровите со добар механизам на прилагодување оние кои доживуваат малку стресни настани ќе бидат задоволни и ќе имаат стабилен брак. Таквите бракови ќе бидат стабилни дури и ако сопружинците се соочат со големо ниво на срес. Паровите со неадекватни механизми на прилагодување, со изразена ранливост, соочена со многу стресни настани ќе бидат незадоволни од бракот, ќе имаат нестабилен брак, и веројатно ќе дојде до развод. Паровите со изразени трајни ранливости веројатно ќе имаат слаба способност за прилагодување на стрес, што дополнително негативно ќе влијае врз

таквите бракови. Паровите со изразени трајни ранливости веројатно ќе имаат слаба способност за прилагодување на стрес што додатно негативно ќе влијае врз таквите бракови. Ако е ниско нивото на стрес на таквиот пар и не бара високи способности на прилагодување, бракот може да остане стабилен, но во иднина трајните ранливости да бидат стабилни со текот на времето, врз основа на стресот, со кој парот се соочува, може да предвиди кога ќе дојде до пад на задоволството во бракот. (Чудин-Обрановиќ 2006)

Предност на моделот е тоа што ги вклучува сите трикритериуми, на развој на татеорија со што овозможува проучување на промените на стабилноста на бракот. Негов недостаток е тоа што како единствен фактор кој што влијае на стабилноста на врската го наведува квалитетот на бракот. Моделот не ги зема во предвид разликите помеѓу партнерите при доживување на стресот, на надворешните фактори кои што можат да влијаат врз одлуката за развод како што се препреките и алтернатвите кои што ги наведува теоријата на социјалната размена.

## 4.Среќен и добар брак

Во среќниот брак брачните партнери се чувствуваат потполно рамноправни, своите права и должности ги сметаат за еднакви. Затоа во нивниот семеен однос не постои искористување. Во секој поглед од животот еден на друг се предаваат од љубов, а не од некои брачни должности. И двајцата во тоа пронаоѓаат големо исполнување дури тогаш кога ќе почувствуваат дека го направиле среќен својот партнер. Своите евентуални потешкотии ги решаваат со договор не префрлувајќи ја вината еден на друг и настојувајќи двајцата да се заложат во решавањето на проблемот. Помеѓу брачните партнери кои навистина се сакаат не постојат поделби на работите на машки и женски. Тоа е работа на нивниот моментален договор дали во одредена прилика некоја работа ќе ја изврши мажот или жената. Истото важи и за грижата околу децата. Родителите кои што живеат во среќен брак сметаат дека е сосоема разбирливо заедно да ги негуваат своите деца од првиот ден на нивниот живот, заедно да ги одгледуваат, да и помагаат при учење едноставно кажано

со други сили да ги дигнат на нозе. Тоа никако не го доживуваат како некој вид на поделба на работата меѓу мажот и жената. Во среќниот брак децата се раѓаат по договор на родителите, по нивна заедничка желба без никаква примедба на едниот брачен другар. Не саканата бременост насочуваат да ја спречат, така жената не би морала да се изложува на абортус. На крајот, во полно вреден сам по себе моногамен брак никој никого материјално не искористува. Имотот на брачните партнери е заеднички не само правно туку и стварно, не земајќи во предвид кој колку придонесува. Бидејќи највредниот капитал на среќните бракови е нивната взаемна љубов за неа и двајцата даваат подеднакво и не може да се замени со никакви материјални добра.

Можно е да се заклучи дека постои голем број на обврски кои брачните партнери мора да ги исполнат, и од нив се очекува добра волја, напор и работа на одржување на добри односи разбирање и задоволство.

## 4.1 Задоволство од бракот

Семејните луѓе се посреќни и имаат подобро ментално и телесно здравје, отколку неоженетите лица, вдовиците и разведените. Кај брачните партнери, а особено кај жените, постои тесна врска меѓу општото чувство на среќа и среќата во бракот. Со други зборови, кај повеќето луѓе среќата зависи од среќата во бракот.

Меѓу сите "среќни" бракови сигурно има и премногу кои се досадни и "лишени од живот", без силна заедничка посветеност. Аспекти на задоволството од бракот се прво, среќа, приврзаноста, поддршката и разбирањето и второ, фреквенцијата на споровите и кавгите, меѓусебната критика и новите специфични проблеми.

Среќата во бракот може да се прогнозира изненадувачки добро, се поаѓа од фреквенцијата на половите контакти "минус" фреквенцијата на конфликтите (дефинирани како ситуација во која еден од двајцата партнери откако ке се налути ќе ја напушти спалната соба).

Слична прогноза може да се формира уште подобро, ако од вкупната инциденца (стапка) на позитивните дејства се одзема ифреквенцијата на споровите и други негативни настани. Утврдени се три фактори за појава на позитивно задоволство и еден фактор за појава на конфликтност во бракот. Мажот и сопругата се меѓу најсилните извори на сите три типа на позитивно задоволство, како и за појава на конфликност. Потврдено е дека во бракот односно помеѓу брачните партнери може истовремено да постои високо ниво на задоволство и високо ниво на конфликтност кои се премногу компатибилни меѓу себе.

Задоволството од бракот зависи од голем број елементи на социјална интеракција меѓу брачните партнери , меѓу кои најважни се:

**1.** Вмрежување на задоволство на вербални акти (на пример давање комплименти за изгледот, за успех, за одговорност) за разлика на негативните вербални пораки односно критиките од самите партнери. Вознемирени бракови се наградени со тоа што негативните пораки од страна на едниот брачен партнер рефлектираат истотака одмазднички негативна порака од страна на другиот брачен партнер.

**2.** Вмрежување на задоволство на невербални пораки (на пример бакнеж, подарок, помош, акција) за разлика од не внимание, не почит, несогласување и др.

**3.** Сексуалното задоволството помеѓу партнерите.

**4.** Кога поголем дел од слободното време брачните партнери се заедно.

**5.** Кога брачните партнери се едногласни при решаање на финансиските прашања.

**6.**Кога двајцата брачни партнери имаат одлучувачки пристап кон решавање на проблематични прашања.

**7.** Среќата во бракот истотака зависи и од степенот на емоционалната врска помеѓу брачните партнери. Зад оваа стои голема листа и детална истражувачка работа кој ни дава насоки кои вештини се потребните за еден успешен брак.

Интересно е дека поголемо значење за задоволството на двајцата партнери од бракот има реализација на очекувањата од улогата на сопруга. Сопругите фактички се почитуваат повеќе со очекувањата на улогата на сопругата отколку обратно. Среќата во бракот може да

биде предвидено врз основа на бројни фактори, отсуство на кои им овозможува да се предвиди појавата на развод. Во споредба со сопружниците сопругите се во одреден степен помалку задоволни од бракот и, се чини, имаат повеќе прилики да се жалат. Женетите мажи имаат далеку подобро физичко и ментално здравје од осамени мушкарци ,за разлика од омажените жени. За да се адаптира жената во брачниот живот таа треба да вложи поголеми напори за адаптација, која е сериозен извор на стрес. Таа често е изолирана дома, и има помалку влијание при донесувањето одлуки. Жените се посреќни ако работат и имаат рамноправен глас при донесување на одлуки.

Интимниот живот Сексот и другарството се многу важни за бракот. Точност во предвидувањето за степенот на задоволство од бракот може да биде подобрена, ако се земе предвид и се елиминира интензитетот на негативните интеракции. Во перспектива секој од партнерите е загрижен за благосостојбата на другиот, ужива да го гледа среќен.

Паровите каде што секој се стреми да добие поголеми "права" за себе, по правило имаат помалку среќен брак. Бракот е сеопфатен сојуз на двајца. Се формира една мала заедница, обично со заеднички деца, заеднички свој дом и независен начин на живот. Ова предизвикува различни видови на задоволството и ги поврзува двајцата партнери во заедница, каде што секој зависи од другиот за многу работи.

Долго време беше прифатено дека сопругот треба да "заработува за лебот", а жената треба да се занимава со домаќинството. Но времињата се променија сега околу 50% од жените сакаат да имаат професионална кариера во прилог на сопруга и децата; тој став е широко распространен меѓу помладите и високообразовани жени. Прашањето е во која мера всушност се промениле улогите во бракот?

Вработување. Во традиционалното семејство сопругот често има професионална кариера и е во состојба да ги реализира неговите амбиции. На жената и беше доделена подредена улога, ако сопругот постигнљл успех во животот, таа практично ја почуствуваше благословот поврзан со повисок приход и високиот статус, но успехот беше токму на нејзиниот сопруг и, а не нејзин. Покрај тоа, таа мораше да се помири со неподготвеноста да се занимава со домашните работи.

Со зголемувањето на образовното ниво и аспирациите на жените се зголемува уделот на жените, кои работат и прават професионална кариера.

Фактот дека жената работи и заработува пари, има значителен ефект врз нејзината позиција во семејството. Особено таа прави помала задолженија и има важна улога во донесувањето на одлуки. Во периодот на економската депресија во 30-те години на 20 век, многу мажи заработуваа помалку приходи или останаја без работа, со што дојде до силно зголемување на моќта на нивните сопруги.

Во повеќето примитивните општества постои јасна поделба на трудот: жените ги гледаат и чуваат децата, подготвуваат храната, шијат и крпаат алиштата; мажите се занимаваат со лов и риболов, одгледуваат животни, градат куќи, и двата пола се занимаваат со земјоделство. Во современите општества работите не се многу различни.

Истражување на 40 лондонски домаќини открил дека жените вложуваат 77 часа домашен труд во текот на неделата во одгледувањето на мали деца и дека 70% од нив се незадоволни од тоа. Повеќето од нив наоѓаат се чувствуваат осамени, и загрозени од нискиот и статус. Во исто време ценат автономија и меѓу најбараните од нив активности се готвењето, проследено со шопинг.

Од друга страна, сопружниците обично прават поголем дел од домашните поправки, грижат за автомобилот вршат тешката работа во градината и ги платат сметките. Тие учествуваат во одгледувањето на децата, не толку на бебињата, како на поголемите деца. Некои брачни парови се разликуваат со јасна разлика на улогите, додека други ги извршуваат заеднички семејните задачи. Има факти што покажуваат дека ако секој партнер е приврзан кон своите роднини, поверојатно е улогите во семејството да се разликуваат.

Од друга страна ако сопругот и сопругата имаат заедничка мрежа на пријатели и познаници, е поголема веројатноста да се дополнуваат или да градат единствено партнерство, наместо да бидат независни. Повеќе традиционално поделба на трудот се следи, ако така било во семејствата на родителите и ако двојката дели традиционалните претстави за половите улоги. Последните истражувања откриле дека сопругата прави помалку домашна работа, ако работи, ако сопругот добива повисок приход, ако таа има повисоко образование и ако парот

има повеќе деца. А како целина нееднакво поделба на трудот полека исчезнува со текот на времето.

Практично во сите култури како примитивни и индустриски мажот имал повеќе власт од жената во и надвор од семејството, иако моќта на жената полека се зголемува и дека понекогаш жените имаат повеќе власт отколку дозволуваат јавните односи помеѓу сопружниците (особено во куќа ). Секој партнер е признат лидер во одредени области за жената традиционално се храната и децата, а за мажот техниката, колата, парите итн.

Многу истражувања покажуваат дека партнерот кој заработува повеќе пари, и има престижна работа или повисоко образование, има поголем придонес за брачните и семејните одлуки. Но, тоа едноставно правило секогаш делумно важи, поради зголемената рамноправност на половите, овие идеи се сметаат прво од мажите со повисок статус, кои откажуваат дел од својата моќ. Утврдено е дека многу жени сакаат да имаат повеќе власт отколку имаат во моментов и дека се чувствуваат посреќни во бракот ако имаат повеќе власт.

Истражувањата покажуваат дека еднакви бракови се најсреќни, следат бракови, во кои доминира сопругот. Генерално бракови во кои доминираат жените како брачни партнери, се помалку среќни, особено кога тие "моќта" ја користи како метод на контрола. За среќните бракови е важно и тоа двајцата партнери да имаат слични претстави кои се нивните улоги.

Социолозите покажаа дека во семејството има традиционална поделба на половите улоги. Во обврските на жената влегуваат грижата за децата, подготовката на храна и обезбедување социјална поддржка на семејството. Мажот треба да се справи со надворешни опкружување односно да се грижи за домот заштита на семејството. Потеклото на овие две брачни улоги е можеби делумно биолошки жените имаат поголем биолошки интерес да се грижат за децата. Социјалниот систем постепено изградил поддршка на овие улоги според традицијата и законот. Истражувањата на невербалната комуникација утврдиле дека жените се на некој начин повеќе експресивни од мажите тие почесто се насмевнуваат, упатуваат топли погледи, односно, можат подобро да ги емитуваат чувствата. Истовремено, тие подобро можат да го дешифрираат изразот на лицето и тонот на гласот на другите. Во типичен брак среќаваме комбинирање на експресивна жена со доста помалку експресивен маж.

Утврдено е дека за да биде среќен бракот, потребно е сопругата да умее да го препознава расположението на својот сопруг и дека во конфликтните бракови мажите обично не умеат да ги изразат и прифатат емоциите на сопругата преку невербална комуникација. Сопружниците во неуспешните бракови се одликуваат со особено ниска способност да изразуваат позитивни реакции преку тонот на гласот. Отворено е дека сопругите обезбедуваат повеќе социјална поддршка на нивните сопрузи, отколку сопружниците на нив.

Бракот е "света тајна во која мажот и жената стануваат единствено тело во кое сопругот и сопругата можаат да се утешат меѓусебно и да се помагаат еден со друг во кое тие можат да имаат деца и да започнат нов заеднички живот во заедницата. Бракот е сосема поинаков од другите односи; тој е многу силна врска, сексуална врска, што опфаќа многу страни на животот и обично се размислува како постојан. Бракот делумно претставува и биолошка врска. Но, во исто време во сите општества тој е социјално дефинирано и регулиран поглед.

Веридбата, склучувањето на брак и разводот тоа се "ритуали на транзицијата", кои обично се спроведуваат од верско лице или друго официјално лице во присуство на пријатели и роднини. Донесувањето на заклетвата за верност, ставањето на рацете на младоженците една врз друга и други аспекти на брачна церемонија им помага на двајцата да почувствуваат дека истите сега претставуваат една целина, дека се вклучени во долготрајна унија.

Како и во другите односи, бракот не е можен, ако луѓето не се придржуваат до правилата, ако не дејствуваат никакви ограничувања.

# 5. Пол

## 5.1 Улога на полот

Полот се смета за еден од клучните елементи во животот на поединецот, бидејќи се протега низ секој домен од неговото искуство. Општеството пред мажите и жените поставува различни барања во поглед на должностите и обврските, но и различни очекувања за тоа како мажот и жената би требало да се однесуваат, кои интереси, ставови,

особини би требале да ги имаат и итн. Според тоа традиционалното друштво од мажот очекува да го издржува семејството, да биде независен, самоуверен, асертивен, да не ги покажува емоциите и слично. А од жената пак се очекува да се грижи за домаќинството да ги одгледува децата да биде внимателна кон другите, уредна, сочувствителна и слично, тој збир на очекувања затоа што е прикладно за секој пол се нарекува улога на полот.

Улогата се усвојува низ социјализацијата, при приликата на самото раѓање детето добива машко или женско име, го облекуваат во машка или женска облека, му се обраќаат во машки или женски род. Половите улоги се повеќе димензионален концепт и можат да се однесуваат на широк спектар на обележја, од ставови и однесувања врзани за половата улога до особини на личноста врзани за самиот пол. Различните компоненти на половите улоги не мораат да бидат тесно поврзани, а резултатите од истражувањата предупредуваат дека помеѓу различни димензии на половите улоги постојат многу ниски корелации. (Ашмор 1991 Југовиќ 2004). Од психолошката перспектива на личностите, половите улоги се манифестираат преку карактеристиките на феминизмот и маскулинизмот (Југовиќ 2004), а од перспективата на социјалната психологија, половите улоги се однесуваат на нормативни очекувања , за поделбата на работата помеѓу половите, и на правилата врзани за интеракцијата помеѓу половите, кои егзистираат во внатрешноста на одереден културален контекст (Југовиќ 2004) Половите улоги исто така можат да се опишат како збир на очекувања за однесувањето на мажот и жената. (Муер 1993, Југовиќ 2004). Како расте детето го развива половиот идентитет односно свест за тоа дали е машко или женско и ги учи однесувањата кои се врзани за тој пол. Половиот идентитет е основен поим од кој поединецот стекнува припадност кај машкиот или женскиот пол, и кој кај повеќето луѓе произлегува од биолошкиот пол на личнста. Раното означување на припадноста на биолошкиот пол има значајно влијание врз психолошкиот развој на детето и претставува почеток на процесот на полното типизирање, усвојување на преференции, вештини, особини на личноста и однесувања кои што одредено друштво ги смета за прилагодени за одреден пол. (Марушиќ 1994)

Процесот каде детето ги стекнува и вреднува полноприкладните вреднувања односно ја усвојува својата полова улога и тоа се нарекува полово типизирање (Брниќ 2002). Кој се однесувањата и особините прикладни за полот се разликува од средина до

средина, но и од еден до друг времески приод. Антрополошките истажувања на (Маргарет Мид 1985) покажале дека она што во едно општество се смета за типично машки и женски не мора истите да се сметаат за такви и во некое друго општество. Во одредено општество се вреднуваат одредени однесувања, со што делумно се одредува и содржината на социјализацијата, односно кои особини и однесувања ќе се развијат. Според тоа и преку половата улога како единица на социјализацијата, средината исто така влијае врз формирањето на личноста на поединецот.

Разликувањето меѓу машки и женски улоги освен од биоолошката фунција произлегува и од разлики од социоекономски функции кои што мажите и жените ги имале низ временски периоди. Со самото раѓање основна функција на жената била одгледување деца и водење на домаќинство, додека пак фукцијата на мажот била издржување на семејство. Таквата поделба на должности некогаш била нужна за преживување на целата заедница, и било потребно да кај припадникот се развиваат особини кои ќе им овозможат успешно извршување на тие должности. Од таа причина девојчињата се воспитувале да бидат совесни, грижливи и послушни, а момчињата да бидат самоуверени, доминантни и да тежнеат кон постигнување на целите.

Денес, во изменетите економски услови, таквата поделба повеќе не е целисходна, знаејќи дека и двата пола можат да заработуваат независно од физичката сила. Меѓутоа во општествата и понатаму постојат стереотипни гледања на половите улоги што резултира со поинакви обрасци, за воспитување на девојчињата и момчињата (Блок,- Брниќ 2002)

## 5.2 Развојна теорија за улогата на полот

Теориите за развој на половата улога настанале во рамки на различни теоретски правци кои меѓусебно се разликуваат. Меѓутоа секоја од нив дала значаен придонес за разбирање на начинот на кој децата ги освојуваат полно прикладните освојувања и особини и го развиваат половиот идентитет.

1. Психоаналитичка теорја

2.Теорија на социјалното учење

3. Конгнитивно-развојна теорија

## 5.2.1 Психоаналитичка теорија

Освојувањето на половата улога Фројд (Видановиќ 2006) ја објаснува во рамки на своите психосоцијални теории, за развојот на личноста. Според оваа теорија детето ја усвојува својата полова улога во фалусната фаза т.е помеѓу третата и шестата година на животот. Во таа фаза средината на либидната енергија се сместува во подрачјето на гениталиите каде што детето почнува да се интересира за анатомските разлики помеѓу мажот и жената.

Кај момчињата се појавува Едиповиот комлекс односно несвесна желба да биде со мајката и да го завземе татковото место. Поради тоа кај момчињата се јавуваат конфликтни чувства кон таткото: го сака но чувствува непријателство кон него бидејќи го доживува како противник. Ја поттиснува својата желба да биде со мајката и почнува да се идентфикува со таткото, го освојува татковото однесување особини и ставови и на тој начин ја прифаќа машката полова улога и го развива половиот идентитет.

Паралелно кај девојчињата се појавува Електра комплексот, односно несвесна желба за поседување на таткото и ривалство со мајката. Според Фројд ја потиснува желбата за поседување на таткото и почнува да се идентификува со мајката. На тој начин ја усвојува женската полова улога и според авторот тоа се одразува преку желбата за мајчинство(Смиљаниќ 1985). Тешко е емириски да се провери теоријата, а спроведените истажувања не ги потврдиле нејзините претпоставки. Сепак поимот идентификација извршил големо влијание врз теориите што следеле.

### 5.2.2 Теорија на социјалното учење

Според теоријата на социјалното учење детето ги усвојува полово прикладните однесувања на ист начин како и останатите однесувања. Учење по пат на непосредно поткрепување и учење по модел. Неспорно е тоа дека семејствата повеќекратно влијаат врз формирањето и освојувањето на половата улога. Во таа смисла најважни се вредностите на семејството кои се однесуваат на половата улога на девојчето односно момчето, можнсти за поистоветување со родителот од истиот пол и природата на емоционалната релација со родителот од спротивниот пол. Важна е личноста на двајцата родители, нивниот однос кон нивната сопствена полова улога и улогата на партнерот, како и нивниот меѓусебен патрнерски однос. Томори нагласува дека традиционално воспитните пораки прилично ригидно ја одредуваат поларизираната полова улога: не ретко родителите изразено биполарно ги наградуваат односно казнуваат однесувањата кои би требале или не би требале да бидат во склад за претставата за едниот и другиот пол. Во семејствата каде што изразено се присутни различни воспитни пораки за деца од двата пола, постои разлика и во текот на изградбата на идетнитетот. Кај момчињата се истакнува активноста, а кај девојчињата се фаворизира пасивноста и прифаќањето на дефинираните обрасци за однесување.

Девојчињата при растењето најчесто добиваат две контрадикторни пораки од страната на околината: да ја освојат женската полова улога односно да се однесуваат во склад со традиционалните стереотипи за жените и дека машките однесувања и особини се ценат повеќе од женските. Особините што се како самодоверба, храброст, натпреварувачки дух донесуваат поголема социјална корист во секојдневниот живот-на пример : почитување од страна на другите луѓе, така што жените се мотивирани да ги стекнат тие обележја (Видановиќ 2006).

Родителите и другите личности од околината на детето го наградуваат однесувањето што е во склад со неговиот пол а го казнуваат однесувањето кое е спротивно. На тој начин детето учи што е прикладно, а што не за неговиот пол. Однесувањето што било поткрепено во одредена ситуација се генерализира на останатите слични ситуации.

Ако некое однесување конзистентно се наградува тогаш тоа однесување се интернализира: се задржува и ако поткрепата изостане. Интернализираната полова улога тогаш станува сопствен внатрешен стандард на детето според кој ќе се однесува.

Друг важен начин на кој детето освојува полово типизирани однесувања е учењето по модел. Таквото учење се состои од тоа детето да запази однесување на некои личности од својата околина и последиците кои таквото днесување ги предизвикува. При тоа, детето не ја имитира личноста чие однесување не е поткрепено туку учењето се одвива преку симболички план. Кај ваквиот вид на учење уклучени се четири процеси:

- процес на внимание детето го насочува своето внимание кон некоја личност врз основа на некој свои карактеристики, но и карактеристиките на самата личност. Според теоријата детето најчесто го бира родителот од истиот пол поради тоа што се физички слични.

- процес на памтење: за да во иднина се појави некое однесување потребно е истото да се забележи и запамети. Тука голема улога игра когнитивниот развој на детето бидејќи посложените однесувања како што е половата улога мораат да се кодираат вербално и симболички

- процес на репродукција: за изведувања на однесувањата во репертоарот на детето мора да постојат некои компоненти за ново однесување.

- процес на мотивација: додека учењето за однесување се одвива и без поткрепа, но за изведувањето тоа е потребно. Запазувајќи го моделот кој е поткрепен за одредено однесување детето создава очекување дека и тоа ќе биде подткрепено за таквото однесување. Според теоријата на социјалното учење, идентификацијата е резултат на посматрање и имитирање на моделот (Брниќ 2002).

## 5. 2. 3 Конгнитивно - развојна теорија

Конгнитивно развојната теорија нагласува дека централната улога во развојот на половиот идентитет и половата улога има когнитивниот развој. Според Колберг детето

треба да стекне одередена свесност и разбирање за полот пред да почнат да влијаат врз него неговите социјални искуства. За разлика од претходните две теории детето е активен субјект при развојот на половиот идентитет и улогите кои се врзани за тој идетитет. Тоа не зависи од возрасните како извор на награди и казни, туку активно селектира и организира информации од својата средина. Развојот на половиот идентитет тече во неколку фази кои се поврзани со возраста на детето.

До втората година од животот детето го научило името на својот пол меѓутоа за него тоа нема некое посебно значење. Околу три години детето станува свесно дали е машко или женско односно го развива половиот идентитет. Називот на полот почнува да го генерализира на личнсти околу себе класифицирајќи ги во мажи и жени. На возраст на четири години се јавува половата стабилност и разбираат дека полот не се менува туку останува за цел живот. Момчињата веруваат дека ќе станат мажи, а девојчињата жени. До шестата година детето почнува да разбира дека полот не се менува останува ист и покрај надворешните промени во изгледот и активностите. Од како го усвоило поимот на константност на полот детето почнува да ги усвојува однесувањата кои се во склад со неговиот пол и тоа посматрајќи ги жените и мажите од неговата околина. Според Колберг детето не развива преференции кон полнотипичните однесувања заради тоа што ќе биде наградено туку затоа што тоа однесување е во склад со неговата категоризација за себе си како машко или женско. Когнитивно – развојната – теорија предвидува дека полните стереотипи кои се јавуваат кај тригодишник стануваат помалку ригидни по седмата година кога детето го освојува поимот на константност на полот и влегува во фаза на конкретни операции.

Истражувањето на полните стереотипи во подрачјето на занимање на децата во градинка па децата во трето и шесто одделение делумно ги потврдија претпоставките на конгнитивно развојната теорија: во ситуација на проценување на прикладноста, на одредени занимања за мажи и жени, малите деца давале најстереотипни оцени, но кога требало да ги наведат своите аспирации сите деца ги наведувале занимањата кои стереотипно се врзани за нивнио тпол. (Брниќ 2002).

# 6. Род

Родот е категорија за поделба на лугето. Се однесува на размислувања, објаснувања, претпоставки, однесувања и активности кои произведуваат разлики помеѓу мажите и жените. Родот е социјална и културна форма на полот. Родот зависи од разбирање на задачи и улоги допринесени од страна на жените и мажите во јавниот и приватниот живот. Родот претставува културолошко специфични дифиниции (мажи и жени) променливи во време и простор. Англискиот јазик, исто така, прави разлика помеѓу овие зборови **sex** кој се користи во смисла на полот, а **gender** има значење род. Англискиот јазик прави разлика кај родот и полот во зборовите "машки" и "женски" односно "човек" и "жена" каде што првото го означува полот, а второто родот. Полот има биолошки детерминанти со него секоја едника се раѓа. Полот се однесува на она што лекарот вика, што си ти за време на раѓањето. А пак родот продолжува да биде под влијание на социјализацијата. Секоја заедница има очекувања од личноста во зависност од тоа на кој пол му припаѓа. Жените не се раѓаат исклучиво "нежни" нити пак постојат "мачо" мажи.

Родот според дефиниција е "општествено конструирана дефиниција на полот". Тоа е формирањето на биолошкиот пол, одредени разбирање на задачите активности и улоги пропишани за мажите и жените. Родот е културно специфична дефиниција на жените и мажите и затоа е променлива во времето и просторот. Конструкцијата и репродукција на родот завзема место и на индивидуално и општествено ниво. Пол не е само општествено конструирана дефиниција на жените и мажите тоа е општествено конструирана дефиниција на односот помеѓу мажот и жената " (според Lithander 2000). Родот е поопширно дефиниран од полот според тоа што кај полот се завземени само биолошките карактеристики кај мажите и жените. Конел ( Connell, 1987 ) го дефинира родот како активен процес во кој се утврдува поделбата на трудот, моќта и емоциите меѓу мажите и жените, нагласувајќи дека она што е потребно за природни разлики меѓу половите всушност е резултат на економските, политичките и интерперсонални практики. На општествено ниво овие спротивставени категории се хиерархиски средени Конел го користи родниот режим да се објаснат одредени карактеристики на родовите односи во

помалите средини, како што се специфични институции, вклучувајќи бракот и семејството.

Род се менува од култура до култура и во економски, социјални и политички контекст. Во некој земји жените имаат право на глас, но не во сите. Во некои култури и земји жените се облекуваат како што сакаат, а во некои забрането е да се гледа бил кој дел од нивното тело. Во некои култури, мажите се шминкаат и работат во областа на уметноста, а во други е строго забранет и неприфатлив. Затоа очекувањата околу тоа како треба да се однесуваме и она што е прифатливо, а што не е во зависност на која средина /општество/ држава припаѓаме. Тоа дава пример за тоа како да се однесува личноста од одреден пол.

## 6.1. Улога на родот

Родовите улоги во општествените и хуманистичките науки поставија стандарди на однесување кој се однесува на мажи и жени во дадена општествена група или систем. Родовите улоги ги дефинира како збир на карактеристики, однесување, ставови, активности, норми, обврските и очекувањата на одредено општество или култура дознаки и бара лице за неговиот пол. Ова се улогите кои им се пропишани на мажите и жените врз основа на културните норми и традиции.

Луѓето кои делуваат надвор од својата родна улога најчесто се дискриминирани. Од перспектива на психолошката личност, родовите улоги се манифестираат во психолошки карактеристики на феминизмот. (како Deaux и Lafrance, 1998), а од перспектива на социјална психологија, родовите улоги се поврзани со нормативните очекувања за поделба на трудот помеѓу половите и правилата поврзани со интеракцијата на полот, кои постојат во рамките на одреден културен и историскиот контекст (според Спенс , Deaux , и Helmreich , 1985). Родовите улоги, исто така, се опишуваат како збир на однесувањето, очекувањата на жените и мажите. (Маерс, 1993).

Најчесто, родовите улоги не се базираат на биолошки или физички диспозиции , резултат на претпоставки и стереотипи кои жените и мажите може и треба да ги направат.

Родовите улоги станувaaт проблематични кога целото општеството им ги припишува повеќе вредности на улоги на родот - главно мажи. Значи-луѓето се раѓаат како припадници на машкиот или женскиот род, но ти е учат да бидат жени и мажи.

Родовите правила се усвојуваат од културата, родителите, училиштето, медиумите, обичаите, религијата. Родовите улоги се тесно поврзани и стереотипите кои често се во функција на репродуктивните улоги на мажите и жените. Некои стереотипи се активираат веднаш штом детето се роди. Често се прашува, "дали бебето е машко или женско" Во зависност од одговорите да купат розова или сина боја пижами, автомобили или кукли, итн.

Во текот на развојот на детето се идентификува со она што е родено во биолошки смисла и се стекнува чувство на интимна поврзаност. Процес идентификација е прво врз основа на името на детето. Дете се заверува со име возрасните му се обраќаат со машки или женски род односно го третираат како момче или девојче. Исто така паралелно течат настаните кои се случуваат на физички план. Детето е облечено во типична облека и одредена фризура. Тој сфаќа дека е сличен на родителот од истиот пол. Детето се учи да користи граматички род во заменки, глаголи и придавки во соодветен род. Кога ќе го научат и усвојат името на својот род, кога станува генерализатор на други, и кога ќе разбере дека родот е трајна категорија, детето развива родов идентитет – сознава дека тоа е во физичка смисла, машко или женско. Така што секој од нас добива една кеса полна со различни униформи со јасно напишани карактери: за жените и мажите. Овие униформи се нашите полови улоги .

Момчињата се препознатливи по тоа дека тие не плачат и не ја покажуваат својата болка. Кај момчињата се развива и оценува самодоверба и натпреварувачки дух. Мажите сакаат да бидат добри сопрузи и татковци. Тие се заштитници од разни опасности на своето семејство. Традиционалните родни улоги го одредуваат човекот како рационален, независен, автономен, моќен, самостоен.

Од друга страна девојките се учат да бидат нежни и да си помагаат едни со други, заедно да соработуваат. Тие исто така се учат да си играат со кукли и модели на апарати за домаќинство, со цел да ја преземе улогата на еден човек кој ќе се грижи за иднината на

семејството. Во букварот женските ликови на сликите се приказани како ти е ја одржуваат хигиената во домот, а мажите се прикажани во разни занимливи професии. Должноста на мажите е на внесат хармоничен однос во својот дом, нивна главна цел е да му помагаат на своето семејство, а со самото тоа тие да се чувствуваат исполнето и остварено. Додека пак кај жените е поизразито:грижливоста во домот, емоционална отвореност, чувствуваат (емпатија) за потреба кон другите. Од раното детство на децата им се праќаат јасни пораки за тоа која улога му припаѓа на мажот а која на жената. Ова научено однесување го сочинува родниот идентитет и ја одредува родната улога.

Родовите улоги се поделени во инструментални и експресивна задачи. Инструментална задачи, кои најчесто се припишуваат на мажите, се однесува на активности насочени кон целта, како што се егзистенција, изградба и управување на тимска работа и експресивни задачи кои се манифестирани на усмерените активности на односите меѓу луѓето, се сметале како должност на жените.

## 6.2. Теорија на социјализација на родот

Бандура нагласува три основни облици по пат на кои друштвото влијае на формирањето на родовите :

- социјално моделирање

- искуства со евентулни социјални реакции на однесување пропишани на половите

- директно туторство или подучување

1. Социјално моделирање

Тоа е едно од средствата за пренесување на вредности, ставови мислења и однесувања. Учењето по модел не е едноставен процес односно имитација на однесувањето на некоја личност која претставува модел ; повиско ниво на образование се постигнува преку апстрактно моделирање пример: моралното судење на дете во одредена ситуација е по влијание на родителот и може да се

примени во друга ситуација. Во секојдевниот живот децата го посматраат мултиплед модел во својата непосредна околина како и репрезентација на улоги од медиумите. Силата на моделирање е типично воведена во однесувањето поврзано за половата улога која покажува машки и женски модели. Бандура смета дека постојаноста на половите е нешто што детето го заклучува од моделирањето, учење од прототипското однесување поврзано со половите , одтаму е сваќањето дека полот е константен подукт на однесувањето на моделите од истиот пол .

2. Искуства од евентуални социјални реакции на однесување пропишана на половите.

- се заклучува од поврзаното однесување со полот врз основа на реакцијата на другите луѓе однесувањето поврзано со половите е во повеќето друштва прилично санкционирано, па евентуалните социјални реакции се значајни извори на информации за конструирање на концепција на родовите. Не реагираат сите луѓе подеднакво на ова однесување. Истражувањата покажуваат дека татковците, на пример реагираат понегативно одколку мајката на изборот „на феминистичките играчки„ од страна на нивниот син. Различни се и реакциите и во различни околности , детео ги избегнува и игнорира конструирајкји го сопственото однесување.

3. Директно туторство или подучување на детето дирекно се даваат инструкции за тоа кое однесување одговара за неговиот пол. Ваквото дирекно подучување е најефективно кога се базира на општо прифатени сваќања и тогаш добива широка социјална подршка. Ослабено е кога она што му се укажува на детето не е во склад со однесувањата на моделот.

## 6.3. Улога на семејството во социјализација

Семејството игра важна улога во сицијализацијата на детето. Родителите на различни начини ја уредуваат собата на новороденчето зависно од полот, а исто така подароците внимателно се бираат. Схакин, С (1985), го набљудуваат семејството во трговски центар, можеа да го одредат полот на речиси сите деца по

облеката. Сепак, кога се во прашање родителите за критериумите на одбирање облека и опрема за своето дете бирањето спрема полот не е никогаш споменато. Родителите на новороденчињата внимаваат на своите синови и керки различно. Рубин, Провензана и Лурија (1974) пронашле дека новопечените родители, посебно татковците, покажуваат тенденција да го опишуваат своето бебе на многу стереотипен начин. Татковците на девојчињата биле склони да го опишуваат своето бебе како кревко, нежно, слабо, додека татковците на момчињата го проценуваат своето бебе како поцврсто, крупно и јако. Оцените на мајките кои ги давале за своето бебе исто така се разликувале, само многу помалку екстремно. Тхоман, Леидерман и Олсон (1972) пронашле дека додека сеуште се во болница, мајките на синовите поминуваат повеќе време во доење, додека мајките на керки повеќе време поминувале разговарајки со своето бебе. Мајките зборуваат повеќе со керките и имитираат бебешка вокализациа, додека повеќе физичка стимулација обезбедуваат на своите синови (Lewis,1974). Посебно кога се во прашање прво родени деца, татковците зборуваат повеќе со синовите и како децата растат постапуваат со нив на шеговито груб начин. (Block 1976) сугерирала дека татковците се позначајни во развивањето на половите улоги на детето отколку мајките и дека татковците постапуваат со момчинјата и девојчињата на многу различен начин, додека мајките реагираат речиси на сличен начин.

# 7. Биполарна и дуалистичка концепција

## 7.1. Маскулинизам и феминизам

Концепт на маскулинизмот и феминизмот како глобални димензии на личноста кои ја претставуваат психолошката машкост и женскост ги вовеле Терман и Милс, триесетите години од минатиот век кои во едно ја конструирале и првата скала за мерење на тие конструкции. Поаѓајќи од претпоставката дека мажите и жените се спротивности односно она што е машко не е женско и обратно се развила концепцијата на маскулинизмот и феминизмот како спротивни креви на една димензија.

На почетокот на седумдесетите се напушта биполарното сваќање и се јавува нова дводимензионална концепција за маскулинизмот и феминизмот. Според таа концепција маскулинизмот и феминизмот претставуваат две независни конструкции што значи личноста може истивремено да ги поседува и машките и женските особини. Оваа идеја барем онака како што беше презентирана од страна на главните промотори (Винингер 1998) не ја претставуваше сексуалната неутралност на половите туку како сваќање кое укажува на непостоење на прецизни граници помеѓу машкото и женското.

Секоја личност по претпоставката на бисексуалноста содржи некои женски а некои машки елементи. Во било кој случај доминираат или едните или другите, а личноата е припадник на едниот или другиот пол. Може да се констатира дека одередена личност претставува комбинација од 60% машки, а 40% женски принцип но сепак машкоста не се доведува во прашање. Шансите како за едниот така и за другиот принцип колку и да се мали или големи доволни се за детерминирање на личноста како машко или женско.Од таму следи очекувањето според кое некој е машко само дколку 100% го поседува машкиот принцип, или жената ако во потполност го реализира женскиот принцип во најмала рака е нереално. Меѓу другото тоа е она што го чини секој поединец и ако е доминантен маж или доминантана жена сепак е припадник на некоја група различна од другите луѓе. По својата изворна форма, сваќањето за бисексуалноста е остварено значајно влијание на една од познатите психолошки теории, тоа е психоанализата која понудила многу специфичен и мнгу критикуван поглед кон природата и потеклото на половите разлики.

За разлика од Терман и Милеса, Берн (1975) смета дека традиционалните мускулатните и феминистичките улоги ги ограничуваат затоа што не овозможуваат поединците да се прилагодат на специфичните барања на околината. За разлика од половото типизирање на поединците, андрогините поединци поседуваат во еднаква мерка и маскулинските и феминистичките карактеристики, ниту еден сет на карактеристики не доминира,може еднакво спремно да реагира. Зависно од барањата во одредена ситуација. Благодарејќи на таа флексибилност Бем претпоставува подобра психолошка прилагоденост на таквите поединци во однос на оние полно типизирани. (феминистички жени и маскулни мажи)

## 7.2. Андрогиност

Во многуте теориски истражувања и студии прифатен е моделот и истажувачкиот пристап на Сандре Бем. Таа развива концепција на андрогиност сметајќи дека мускулиноста и феминизмот не се спротивни полови на замислениот континум. (Бем 1974). Со други зборови доколку личноста има изразени мускуларни црти, не значи дека автоматски ги исклучува феминистичките црти.

Првобитното сваќање на Сандра Бем е тоа дека андрогинските луѓе се оние кај кои постои избалансираност во поглед на присутноста мускулани и феминистички особини на личноста. Меѓутоа се покажало дека сепак постојат разлики меѓу личностите кои се истовремено и високо мускулани и високо феминистички и оние кои се ниско мускуларни и ниско феминистички. Во своите истражувања Сандра Бем го утврдува тоа дека андрогиналните личности се ментално поздрави од колку мускларните мажи и феминистички личности. Андрогините жени повеќе се ценат себеси од колку оние кои се полнотипизирани како маскулитни и феминистички жени. Исто така андрогините и мусколинските жени се повеќе независни од колку феминистичките. Андрогините личности на двата пола се поодговорни во игрите со животните и децата, во разговор со осамени личности, го прифаќаат полното неадекватно однесување доколку тоа ситуацијата го налага, слободно се препуштаат во мускуларните и феминистичките однесувања, подобро се прилагодени и имаат голема самопочит. Андрогините личности поседуваат висока способност за адаптација на разни животни ситуации, ментално се постабилни од личностите кои асимирале со родната улога која средината им ја наметнала, и според тоа нивните можности на адаптација се намалени , затоа што нивната ригидна когнитивна шема не дозволуваат да ги согледаат работите од друга перспектива. (Илиќ 2009).

Бем верува дека андрогините личности се послободни по прилагодливи и емоционално поздрави од оние кои го ограничуваат своето однесување во склад со традиционалните полови улоги. За разлика од полнотипизираната личност, андрогениот поединец , на ниту еден сет на особини не доминира, може еднакво спремно да реагира мускуларно и феминистички во зависност од барањата на одредена ситуација.

Благодарејќи и на таа флексибилност Бем претпоставува дека таквите личности се психолошки поадаптивни во однос на полното типизирање. Врз основа на истражувањето кое Бем го спроведува, андрогините жени и мускулните мажи се одликуваат со високо ниво на самопочит, меѓутоа другите истражувања покажале дека тоа важи за андрогините личности воопшто независно од полот. Кај жените најзадоволни со животот се мускулините и андрогините жени, меѓутоа тие две групи не се разликуваат статистички значајно, затоа тоа повеќе говори во прилог на мускулините. (Видановиќ 2006).

Културолошките стереотипи во половата улога се одразуваат на секој поединец и така го обликуваат својот брачен и семеен живот. Кога ќе излезе од стереотипните полови улоги и мажите и жените можат да доживеат социјална осуда и притисоци од најблиските членови на семејството, што тешко може да се поднесе па затоа повеќето се вклопуваат во стереотипи. Разликите во рамки на половите улоги помеѓу мажите и жените укажуваат на тоа дека тие стапуваат во брак спремни за улогата на емоционален водич додека мажите се помалку спремни за врската да опстане. Причина за тоа е што жените сметаат дека за блискоста и интимноста е потребен разговор , посебно разговор за нивната врска, додека машките кои се водени од стереотипот на половата улога сметаат дека суштината на блискоста е во некои едноставни работи, како што е вршење на заеднички активности, од колку во самата емоционална експресивност. Од начинот на кој парот расправа околу блискоста, воспитувањето на детето, или семејните финансии зависи и опстанокот на бракот. Заради тоа е битно да мажите и жените да ги преминат разликите во усвоените полни стереотипи,за да ги разрешат спорните односи. За подобар квалитет на бракот е важно мажот да ја прескокне традиционалната улога на хранително семејството. Кој одлучува за организацијата на брачниот живот и управување со парите, затоа што осусвојување на максималната улога, мажот е принуден да ги потисне чувствата, и способност да ги разбере и земе во предвид чувствата на својот партнер, додека жената е приморана да ја потисне својата професионална кариера заради интерес на семејството. Според тоа може да се заклучи дека половата улога која ја усвојувавмее изузетно важна за субјективното доживување на квалитетот наличниот семеен живот и функција во брачната дијада.

# ИСТРАЖУВАЊЕ

# II Истражувачки дел

## 1. Истражување

### 1.1 Предмет на истражување

Основен предмет на истражување е дали социјалниот статус на партнерите влијае врз задоволството од бракот и колку ставовите околу родовата улога на брачните партнери во различни сегменти на социјално функционирање придонесуваат за задоволство во бракот.

### 1.2 Цели и задачи на истражувањето

**Цел** на истражувањето е да дадеме придонес околу задоволството или незадоволството од бракот како резултат на одредени социјално прифатливи или неприфатливи ставови.

**Задачи**

- Да се утврди поврзаноста помеѓу социјалниот статус и задоволството во брак
- Засновање на брачни заедници кај партнери со различен социјален статус
- Да се утврдат ставовите на сопружниците за родовата улога во различни области на социјалното живеење партнерски, родителски, образовни, професионални и социјални.
- Да се утврди дали сопружниците кој имаат слични ставови се задоволни од бракот
- Да се утврди дали ставот за родовата улога е значаен фактор за задоволството во бракот
- Дали разликата во години влијае врз задоволството во бракот
- Дали различниот степен на образование влијае врз задоволството од бракот
- Дали вработеноста или невработеноста влијаат врз задоволството од бракот.

## 1.3 Хипотези на истражувањето

***Општа хипотеза:*** Постои поврзаност помеѓу родовата улога и задоволството од бракот.

***Посебни хипотези:***

- Степенот на образование на сопружниците влијае врз брачната прилагоденост
- Професијата и професионалната реализција влијае врз брачната прилагоденост.
- Социјалниот статус влијае врз брачната прилагоденост.
- Должината на врската пред брак влијае врз брачната прилагоденост.

## 1.4 Варијабли на истражувањето

- Бракот

- Социјалниот статус
- Ставови кон родовата улога
- Задоволство од бракот
- Старост
- Степен на образование
- Материјална состојба

## 1.5 Методи и техники на истражувањето

Самиот предмет на истражување ја наметна потребата од користење на мешана истражувачка стартегија.

За потребите на ова истражување со цел собирање на објективни потполни, систематски и проверливи податоци ќе се користи: ЛОП (листа на општи податоци) Прашалник за социодемографски податоци - конструиран за ова истражување; Спаинерова скала за прилагоденост на партнерите (Dyadic Adjusment scale – DAS, Spainer

1979). Оргиналната скала содржи 32 ајтема. Одговорите се на скала од 1-5 и скалата е поделенана 4 субскали:

- Согласување на партнерите: се состои од 13 ајтема на скала од 0-5
- Задоволство од брак : содржи 10 ајтеми на скала од 0-5
- Кохезија помеѓу партнерите: содржи 5 ајтеми на скала од 0-4
- Афективна експресивност:содржи 4 ајтема а одговорите се дихотомни со да и не.

Инвентар за половата улога ( BSRI, 1977) од Sandra Bem, седмостепена скала

## 1.6 Избор на примерок

Истражувањето се реализира на територија на град Скопје, беа опфатени 200 испитаници (100 брачни парови). Примерокот ќе биде избран по случаен избор.

## 1.7 Обработка на податоците

По непосредно теренско собирање на податоците ќе следи фазата на нивно средување, обработка и анализа. Оваа фаза од истражувањето ќе се состои од содржинска и логичка контрола на пополнетите прашалници, затворање на отворените прашања, изработка на кодекс, шифрирања на прашањата, внес и техничка обработка на податоците, логичка контрола на податоците, табелирање на резултатите, изработка на графикони, анализа и интерпретација на излезните резултати.

Податоците се обработени во статистичкиот пакет SPSS.

Користена е дескриптивна статистика, корелација (Пирсонов коефициент) Т- тест и АНОВА.

## 1.8 Структура на примерокот

Со истражувањето се опфатени 200 испитаници на територија на град Скопје, 100 брачни парови од најразлична возраст. Најзастапени се најмладите испитаници на возраст од 22-34 години. Најголем број од испитаниците имаат средно образование и по професија

се работници. Најголем број од испитаниците биле во кратка предбрачна врска пред да стапат во брак, причина за тоа може да лежи во податокот што најголем број од испитаниците стапиле во брак помеѓу 21-25 година и од тука не биле во можност да имаат подолга предбрачна врска. Половина од испитаниците имаат по две деца и сосема мал дел од испитаниците имаат три и повеќе деца.

**Структурата на испитаниците е прикажана во следните табели и графикони.**

**Табела 1 - Структура на испитаници според полот**

| | f | % |
|---|---|---|
| **Машки** | **100** | **50%** |
| **Женски** | **100** | **50%** |
| **Вкупно** | **200** | **100 %** |

Со оглед дека примерокот е 100 брачни пара од табелата се гледа дека подеднакво се застапени и машки и женски испитаници.




**Графикон 1 - Структура на испитаници според полот**

Во табела 2 и графикон 2 е даден опис на примерокот според возраста на испитаниците. Најзастапени се испитаниците на старост 22-34 години а најмалку се на возраст од 48-60 години.

**Табела 2 - Структура на испитаници според возраст**

| Години старост | F | % |
|---|---|---|
| 22-34 | 81 | 40.5 |
| 35-47 | 68 | 34.0 |
| 48-60 | 51 | 25.5 |
| Вкупно | 200 | 100 % |




**Графикон 2 - Структура на испитаници според возраст**

Во табела 3 и графикон 3 е даден приказ на примерокот во однос на бројот на деца кои ги имаат. Може да се забележи дека најзастапени се оние кои имаат две деца, односно половина од примерокот.

**Табела 3 - Структура на испитаниците според бројот на децата**

| | F | % |
|---|---|---|
| **Немаат деца** | **28** | **14.0** |
| **Едно дете** | **62** | **31.0** |
| **Две деца** | **100** | **50.0** |
| **Три и повеќе деца** | **10** | **05.0** |
| **Вкупно** | **200** | **100** |




**Графикон 3 - Структура на испитаниците според бројот на децата**

Во табела 4 и графикон 4 даден е приказ на испитаниците во однос на степенот на образование. Може да се забележи дека најголем број од испитаниците се со средно образование, а најмалку со магистратура или докторат.

**Табела 4 - Структура на испитаниците според образованието**

| | F | % |
|---|---|---|
| **Без образование** | **9** | **4.5** |
| **Основно образование** | **9** | **4.5** |
| **Средно образование** | **115** | **57.5** |
| **Виша школа** | **16** | **8.0** |
| **Факултет** | **49** | **24.5** |
| **Магистратура или Докторат** | **2** | **1.0** |
| **Вкупно** | **200** | **100** |




**Графикон 4 - Структура на испитаниците според образованието**

Во табелата што следува даден е приказ на семејствата во однос на занимањето, и може да се забележи дека најзастапени се одние кои се општи работници (40%).

**Табела 5 - Структура на испитаниците според занимање**

| | F | % |
|---|---|---|
| **Работник** | **80** | **40.0** |
| **Занаетчија** | **19** | **9.5** |
| **Инжињер** | **18** | **9.0** |
| **Секретарка** | **1** | **0.55** |
| **Здравствен работник** | **30** | **15.0** |
| **Економист** | **12** | **6.0** |
| **Просветен работник** | **40** | **20.0** |
| **Вкупно** | **200** | **100** |




**Графикон 5 - Структура на испитаниците според занимање**

Во табела 6 е даден приказ на примерокот според работниот статус. Евидентно е дека најзастапени се испитаниците кој се вработени (60%), а најмалку пензионерите (3.5%).

**Табела 6 - Структура на испитаниците според работниот статус**

| | F | % |
|---|---|---|
| **Вработени** | **120** | **60.0** |
| **Невработени** | **52** | **26.0** |
| **Пензионер** | **7** | **3.5** |
| **Домаќинка** | **21** | **10.5** |
| **Вкупно** | **200** | **100** |




**Графикон 6 - Структура на испитаниците според работниот статус**

Од Табела 7 и графикон 7 може да се забележи дека најзастапени се испитаниците кој имаат средна финансиска состојба – просечна (15-20000 МКД), а најмалку застапени се со најмала и највисока финансиска состојба (25-30000МКД).

**Табела 7 - Структура на испитаниците според финансиска состојба**

| | F | % |
|---|---|---|
| **0-5000 денари** | **2** | **1.0** |
| **5000-10000** | **33** | **16.5** |
| **10000-15000** | **64** | **32.0** |
| **15000-20000** | **73** | **36.5** |
| **20000-25000** | **24** | **12.0** |
| **25000-30000** | **4** | **2.0** |
| **Вкупно** | **200** | **100** |




**Графикон 7 - Структура на испитаниците според финансиска состојба**

Во табела 8 е даден приказ на одговорите на вработените според станбената состојба. Најголем процент од испитаницие (62%) живеат во сопствен дом.

**Табела 8 - Структура на испитаниците според станбената состојба**

| | F | % |
|---|---|---|
| **Сопствен стан/куќа** | **124** | **62.0** |
| **Во заедница со родители** | **56** | **28.0** |
| **Кирија** | **18** | **9.0** |
| **Останато** | **2** | **1.0** |
| **Вкупно** | **200** | **100** |




**Графикон 8 - Структура на испитаниците според станбената состојба**

Во Табела 9 и Графикон 9 е дадена структурата на испитаниците според должината на врската пред да стапат во брак. Најзастапени се испитаниците (43.5%) чија врска траела до една година.

**Табела 9 - Структура на испитаниците според должината на врската пред брак**

| | F | % |
|---|---|---|
| **Немаодговор** | **2** | **1.0** |
| **До 1 година** | **87** | **43.5** |
| **Од 1-3 години** | **74** | **37.0** |
| **Од 3-6 години** | **31** | **15.5** |
| **Од 6-9 години** | **6** | **3.0** |
| **Вкупно** | **200** | **100** |




**Графикон 9 - Структура на испитаниците според должината на врската пред брак**

Во табела 10 испитаниците се прикажани според тоа дали живееле заедно пред да стапат во брак. Најголем број на испитаниците (78%) не живееле заедно пред да стапат во брак.

**Табела 10 - Структура на испитаниците дали живееле заедно пред брак**

| | F | % |
|---|---|---|
| **Нема одговор** | **10** | **5.0** |
| **ДА** | **34** | **17.0** |
| **НЕ** | **156** | **78.0** |
| **Вкупно** | **200** | **100** |




**Графикон 10 - Структура на испитаниците дали живееле заедно пред брак**

Во табела 11 е дадена структурата на испитаниците според тоа кога настанала бременоста. Најзастапени се испитаниците каде бременоста настапила после стапување во брак (66,5%).

**Табела 11 - Структура на испитаниците дали бременоста настанала пред или од кога стапиле во брак**

| | F | % |
|---|---|---|
| **Нема одговор** | **27** | **13.5** |
| **Пред** | **40** | **20.0** |
| **После** | **133** | **66.5** |
| **Вкупно** | **200** | **100** |




**Графикон 11 - Структура на испитаниците дали бременоста настанала пред или од кога стапиле во брак**

Испитаниците одговараа и на прашањето кое се однесува на староста кога стапиле во брак. Најзастапени се испитаниците кој стапиле во брак помеѓу 21-25 години (45.5%).

**Табела 12 - Структура на испитаниците според староста кога стапиле во брак**

| Години | F | % |
|---|---|---|
| 16-20 | 31 | 15.5 |
| 21-25 | 91 | 45.5 |
| 26-30 | 56 | 28.0 |
| 31-35 | 18 | 9.00 |
| 36-41 | 4 | 2.00 |
| Вкупно | 200 | 100 |




**Графикон 12 - Структура на испитаниците според староста кога стапиле во брак**

Исто така, испитаниците во рамки на ова истражување одговараа и на прашање кое говори за должината на бракот. Најзастапени се оние кој се во брак до 10 години (46.5%).

**Табела 13 - Структура на испитаниците според должината на бракот**

| Години | F | % |
|---|---|---|
| До 10 | 93 | 46.5 |
| 10-20 | 37 | 18.5 |
| 20-30 | 50 | 25.0 |
| 30-40 | 20 | 10.0 |
| Вкупно | 200 | 100 |




**Графикон 13 - Структура на испитаниците според должината на бракот**

**Обработка на хипотезите**

Општата хипотеза во ова истражување гласи дека **постои поврзаност помеѓу родовата улога и задоволството од бракот.**

Со цел да се потврди/ отфрли оваа хипотеза пресметани се аритметички средини за половите улоги на партенрите и а потоа и Пирсонов коефеницинет на корелација со задоволството од бракот.

**Табела 14 Степен на изразеност на родовата улога на партнерите**

| | Испитаници | AS | SD | T -тест | p |
|---|---|---|---|---|---|
| **Маскулиност** | **Мажи** | **5.5058** | **.8216** | **1,1328** | **p>0.05** |
| | **Жени** | **4.3730** | **.8576** | | |
| **Феминост** | **Мажи** | **4.6950** | **.9242** | **-.4315** | **p>0.05** |
| | **Жени** | **5.1265** | **.7145** | | |
| **Андрогиност** | **Мажи** | **3.6350** | **.9170** | **-3.8953** | **p<0.05** |
| | **Жени** | **7.5303** | **.8184** | | |

Од тука може да се види дека постојат разлики во однос на родовите улоги и полот само во однос на андрогиноста, односно дека жените покажуваат повисок скор на андрогиност од мажите, значајно на ниво $p<0.05$.

**Табела15** Пирсонов коефицент на корелација за поврзаноста помеѓу родовата улога и задоволството од бракот

| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Маскулиност (1) | 1 | ,494** | ,145 | ,195 | ,371** | ,007 | ,042 |
| Феминост (2) | | 1 | ,364** | ,132 | -,681** | ,447** | ,169 |
| Андрогиност (3) | | | 1 | ,372** | -,479** | ,705** | ,238* |
| Согласување на партнерите(4) | | | | 1 | -,015 | ,309** | ,284** |
| Задоволство од брак (5) | | | | | 1 | -,466** | ,008 |
| Кохезија помеѓу партнерите(6) | | | | | | 1 | ,198 |
| Афективна експресивност(7) | | | | | | | 1 |

Со цел да се испита дали постои поврзаност помеѓу споменатите варијабли, спорведен е Пирсонов коефициент на корелација од каде може да се види дека маскулиноста е позитивно поврзана со задоволството од бракот ($r=0,371$, $p<0,01$). Од друга страна, феминоста е негативно поврзана со задоволството од бракот ($r=-0,681$, $p<0,01$), а позитивно со кохезијата меѓу партнерите ($r=0,447$, $p<0,01$). Андрогиноста пак, е поврзана позитивно со согласување и кохезија со партнерите, и афективна експресивниост, а негативно со задоволството од бракот.

Од спроведеното истражување очекувавме да има одредени разлики во квалитетот на бракот помеѓу мажите и жените од причина што мажите се обично позадоволни од бракот поради ниските очекувања и вложувања. Жените повеќе и подобро ги согледуваат проблемите во врската и превземаат поголем дел од обврските во домот.

Мажите се повеќе индивидуалистички насочени и емотивно независни од жените па со оглед на тоа помалку допринесуваат за зачувување на врската – бракот. Не се најдени разлики во задоволството во бракот во зависност од полот.

Резултатите ***ја потврдија општата хипотеза*** која гласеше дека **постои поврзаност помеѓу родовата улога и задоволството од бракот.**

***Посебни хипотези:***

- Првата посебна хипотеза во рамки на ова истражување гласи дека степенот на образование на сопружниците влијае врз брачната прилагоденост

Со цел да се потврди/отфрли првата подхипотеза пресметана е АНОВА и утврдено е дека постојат разлики на двете суб скали согласување со партнерите и афективната експресивност во зависност од образованието на партнерите, односно колку образованието е повисоко, толку брачната прилагоденост е поголема.

**Табела 16 Разлики во брачната прилагоденост во зависност од образовното ниво на партнерите**

| | F | Sig |
|---|---|---|
| **Задоволство од брак** | **1.438** | **p>0.05** |
| **Кохезија помеѓу партнерите** | **1.349** | **p>0.05** |
| **Согласување на партнерите** | **2.669*** | **p<0.05** |
| **Афективна експресивност** | **4.392**** | **p<0.01** |

****Значајност на ниво 0.01 *Значајност на ниво 0.05**

***Хипотезата дека*** степенот на образование на сопружниците влијае врз брачната прилагоденост ***делумно е потврдена.***

- Втората посебна хипотеза во рамки на ова истражување гласи дека професијата и професионалната реализција влијае врз брачната прилагоденост.

Со цел да се потврди/отфрли втората подхипотеза пресметана е АНОВА меѓу 4те субскали за брачна прилагоденост и професијата на партнерите.

**Табела 17 Разлики во однос на брачната прилагоденост во зависност од професијата**

| | F | Sig |
|---|---|---|
| **Задоволство од брак** | **.871** | **p>0.05** |
| **Кохезија помеѓу партнерите** | **1.372** | **p>0.05** |
| **Согласување на партнерите** | **1.241** | **p>0.05** |
| **Афективна експресивност** | **1.167** | **p>0.05** |

****Значајност на ниво 0.01 *Значајност на ниво 0.05**

Втората посебна хипотеза во рамки на ова истражување гласеше дека професијата и професионалната реализција влијае врз брачната прилагоденост **не се потврди.**

- Третата подхипотеза во ова истражување гласи дека Социјалниот статус влијае врз брачната прилагоденост.

Со цел да се потврди/отфрли третата подхипотеза пресметана е АНОВА меѓу 4те субскали за брачна прилагоденост и социјалниот статус на партнерите.

**Табела 18 Разлики во однос на брачната прилагоденост и социјалниот статус**

| | F | Sig |
|---|---|---|
| **Задоволство од брак** | **1.611** | **p>0.05** |
| **Кохезија помеѓу партнерите** | **3.273*** | **p<0.05** |
| **Согласување на партнерите** | **2.455*** | **p<0.05** |
| **Афективна експресивност** | **1.755** | **p>0.05** |

****Значајност на ниво 0.01 *Значајност на ниво 0.05**

***Хипотезата дека*** Социјалниот статус влијае врз брачната прилагоденост ***делумно е потврдена, односно*** партнерите со повисок социјален статус манифестираат поголема кохезија и сложување со партнерите.

- Четвртата подхипотеза во ова истражување гласи дека должината на врската пред брак влијае врз брачната прилагоденост.

Со цел да се потврди/отфрли четвртата подхипотеза пресметана е АНОВА меѓу 4те субскали за брачна прилагоденост и должината на врската на партнерите.

**Табела 19 Должината на врската пред брак влијае врз брачната прилагоденост**

| | F | Sig |
|---|---|---|
| **Задоволство од брак** | **4.288**** | **p<0.01** |
| **Кохезија помеѓу партнерите** | **3.829*** | **p<0.05** |
| **Согласување на партнерите** | **2.262** | **p>0.05** |
| **Афективна експресивност** | **2.933*** | **p<0.05** |

****Значајност на ниво 0.01 *Значајност на ниво 0.05**

***Хипотезата дека*** Должината на врската влијае врз брачната прилагоденост ***делумно е потврдена, односно*** партнерите со подолга врска пред стапување во брак манифестираат поголема кохезија, поголемо задфоволство од бракот и поглема афективна експресивност.

# ЗАКЛУЧОК

Бракот како институција е различно дефиниран од страна на многу автори. Причини за тоа има повеќе, а како основна се смета дека бракот и брачната заедница се разглдувани од повеќе различни аспекти. Врз задоволството од бракот учество земаат и карактеристиките на личноста нивните особини.

Спроведеното истражување имаше за цел да утврди дали постои поврзаност помеѓу социјалниот статус и родовата улога на партнерите кој се усвојуваат во текот на животот и некој социодемографски фактори кој влијаат врз задоволството од бракот. Од реализираното истражување може да се извлече заклучок дека социјалниот статус на партнерите има големо значење и влијание врз задоволството од бракот. За дефинирање на социјален статус беа земени во предвид поголем број индикатори. Родовата улога е исто така поврзана со адекватната проценка и задоволството од бракот.

Резултатите од истражувањето укажуваат дека брачните партнери со различен степен на образование во просек значајно се разликуваат во однос на задоволството од бракот. Должината на бракот исто така се покажа дека игра улога во задоволството од бракот. Од добиените резултати може да се заклучи дека задоволството од бракот е поголемо кај оние парови кој се во брак до десет години, а помала кај останатите испитаници. Од ова може да се заклучи дека задоволството од бракот опаѓа со должината на бракот.

Должината на предбрачната врска се покажа дека влијае позитивно врз здоволството од бракот, и тоа оние партнери кој биле повеќе од една година во врска пред брак, што е и разбирливо бидејќи имале доволно време да се запознаат и да се прилагодат меѓусебно.

Меѓутоа не само испитаните варијабли се оние кој влијаат врз задоволството од бракот. Постојат и други фактори кој влијаат врз задоволството и квалитетот на бракот. Тоа се пред се индивидуалните карактеристики, интерперсоналните и социјалните кој имаат влијание врз задоволството од бракот, но во овој труд не се земени во предвид и не се истражувани. Тоа може да биде причина плус и иницијатрива за реализација на едно такво истражување се со цел да се споредат резултатите. Во некое следно истражување

треба да се земат во предвид и разведените бракови, бидејќи така може да ги согледаме факторите кој неповолно влијаат врз задоволството од бракот, а кај стабилните бракови не можеме да ги детектираме.

Добиените резултати не би можеле да ги генерализираме бидејќи истражувањето е реализирано на популација од само едно место, и во рамки на прашалниците постоеја прашања кој се од интимна природа, поврзани со интимна содржина од брачниот живот и не можеме со сигурност да кажеме дека се потполно искрени.

Сите овие варијабли се од значење во секој конкретен брак, и се разликуваат и со својата комбинација ја определуваат перцепцијата за задоволство од бракот. Сепак корисно е да се наведат одредени фактори кој можат позитивно или негативно да делуваат на бракот неговиот квалитет и стабилност.

Добиените резултати само ги потврдија основната и посебните хипотези. Студијата е само почеток на експлорација на проблемот и потикнува низа истражувачки прашања кој е потребно да се разработат.

## Препораки за успешен брак и задоволство помеѓу партнерите

- Успешните парови уживааат еден покрај друг – уживаат во работата, во дружењето, во комуникацијата.
- За успешен брак треба да знаеме конструктивно да се расправаме.
- Во успешен и квалитетен брак треба повеќе да се користи ***ние*** и ***наш***, а помалку ***јас*** и ***мое.***
- Услов за квалитетен брак е да знаеш да простиш и да бараш да ти простат.
- Успешните партнери се позитивни еден наспрема друг.
- Заедничките вредности се услов за успешен брак.
- Сакај за да бидеш сакан

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


- Ajdukovic, M. & Sladovic Franz, B. (2003). Razumijevanje sukoba. Zagreb: Drustvo za psiholosku pomoc, 195-211.

- Аврамов, Д.(1993) Појединац, породица и становништво у раскораку, Београд, Матична књига

- Bookwala, J. (2002). The role of own and perceived partner attachment in relationship aggression. Journal of Interpersonal Violence, 17 (1), 2002, 84-100.

- Bouchard, G., Sabourin, S., Lussier, Y., Wright, J. & Richer, C. (1998). Predictive validity of coping strategies on marital satisfaction: Cross-sectional and longitudinal evidence. Journal of Family Psychology, 12 (1), 112-131.

- Bradbury, T. N. & Fincham, F. D. (1990). Attributions in marriage: Review and critique. Psychological Bulletin, 107, 3-33.

- Brown, S. L. & Booth, A. (1996). Cohabitation versus marriage: A comparison of relationship quality. Journal of Marriage and the Family, 58, 668-678.

- Canary, D. J., Cupach, W. R. & Messman, S. J. (1995). Relationship Conflict. Thousand Oaks, CA: Sage.

- Canary, D. J., Cupach, W. R. & Serpe, R. T. (2001). A Competence-based approach to examining interpersonal conflict - Test of a longitudinal model. Communication Research, 28 (1), 79-104.

- Christensen, A. & Heavey, C. L. (1990). Sex and social structure in the demand/ withdrawal pattern of marital conflict. Journal of Personality and Social Psychology,

59, 73-81.

- Conger, R. D., Cui, M., Bryant, M. & Elder, G. H., Jr. (2001). Competence in early adult romantic relationships: A developmental perspective on family influences. Journal of Personality and Social Psychology, 79, 224-237.

- DeMaris, A. (2000). Till discord do us part: The role of physical and verbal conflict in union disruption. Journal of Marriage and the Family, 62, 683-692.

- Feldman, S. S., Gowen, L. K. & Fisher, L. (1998). Family relationships and gender as predictors of romantic intimacy in young adults: A longitudinal study. Journal of Research on Adolescence, 8, 263-286.

- Gottman, J. M. (1994). What Predicts Divorce? The Relationship between Marital Processes and Marital Outcomes. Hillsdale, NJ: Lawrence Erlbaum.

- Hojjat, M. (2000). Sex differences and perceptions of conflict in romantic relationships. Journal of Social and Personal Relationships, 17 (4-5), 598-617.

- Holmes, J. G. & Murray, S. L. (1996). Conflict in close relationships. U: Higgins, E.T. & Kruglanski, A. W. (ur.); Social psychology: Handbook of Basic Principles. NewYork, Guilford Press, 622-654.

- Markides, K. S., Roberts-Jolly, J., Ray, L.A., Hoppe & S. K., Rudkin, L. (1999). Changes in marital satisfaction in three generations of Mexican Americans. Research on Aging, 21, 36-46.

- Maslow, A.( 1962), *Psihology of Beine, NY:* Van Nostrand, 1962. *Second Ed. NY:*

- Moore, Christopher, *The Mediation Process: Practical Strategies for Resolving Conflict*,San Francisco, Jossey-Bass Publishers, 1986
- Notarius, C. I., Lashley, S. L. & Sullivan, D. J. (1997). Angry at your partner? Think again. U: Sternberg, R. J. & Hojjat, M. (ur.); Satisfaction in Close Relationships. NewYork: The Guilford Press, 219-249.
- Obradovic, J. I Cudina-Obradovic, M. (2000). Correlates of subjective global marital satisfaction in women. Drustvena istra.zivanja, 9, 1, 41-65.
- Ohbuchi, K. I. & Kitanaka, T. (1991). Effectiveness of power strategies in interpersonal conflict among Japanese students. Journal of Social Psychology, 131, 791-805.
- Paap, L. M., Cummings, E. M. & Goeke - Morey, M. C. (2002). Marital conflict in the home when children are present versus absent. Developmental Psychology, 38(5), 775-778.
- Pasch, L. A. & Bradbury, T. N. (1998). Social support, conflict, and the development of marital dysfunction. Journal of Consulting and Clinical Psychology, 66, 219-230.
- Perlmutter, B. F., Touliatos, J. Holden, G. W. (ur.) (2001). Handbook of Family Measurement Techniques - Instruments & Index, Volume 3. Thousand Oaks, California:Sage Publications, Inc.
- Stafford, L., Kline, S. L. & Rankin, C. T. (2004). Married individuals, cohabiters, and cohabiters who marry: A longitudinal study of relational and individual well-being. Journal of Social and Personal Relationships, 21 (2), 231-248.
- Stober, J. (1999). Die Soziale-Erwunschtheits-Skala-17 (SES-17): Entwicklung und erste Befunde zu Reliabilitat und Validitat. Diagnostica, 45, 173-177.S. Blazheka Kokoric: Rjesavanje partnerskih sukoba s obzirom na spol partnera.

- Stone, A. A. & Neale, J. M. (1984). New measures of daily coping: Development and preliminary results. Journal of Personality and Social Psychology, 46, 892-906.

- Трајковски, Д. и Сланинка – Динева, М. (2005) Семејно Право, Скопје

- Vaillant, C. & Vaillant, G. (1993). Is the U-Curve of marital satisfaction an illusion? A 40-year study of marriage. Journal of Marriage and the Family, 55, 230-239.

http://www.primacons.com.mk/konflikti-vo-organizacijata-i-nivno-nadminuvanje.html
http://positivesharing.com/2006/07/5-essential-steps-to-resolve-a-conflict-at-work

http://www.mtsp.gov.mk

http://www.uvmk.gov.mk/files/zakoni/zakon%20za%20semejstvo.pdf

http://www.stat.gov.mk/


Податоците од интернет се користени во периодот јануар – април 2014 год.

# ПРИЛОГ

Прилог 1

Пред вас се наоѓа прашалник со кој би сакале да видиме какво е Вашето доживување во партнерските односи. Не интересира само Вашиот актуелен брак и однос со сегашниот брачен партнер.Испитувањето е анонимоно и податоците ќе се користат само за потребите на истражувањето.Ве молиме искрено да одговорите на сите прашања. Ви благодариме.

ШИФРА НА БРАЧНИОТ ПАР ________ (потребно е Вие и Вашиот партнер да внесете иста шифра.Тоа може да биде број,знак,буква,назив или нешто друго што Вие сакате).

ПОЛ М Ж СТАРОСТ____________

1.Колку деца имате

1.Немаме деца 3.Две деца 5.Четири или

2.Едно дете 4.Три деца

Доколку имате деца запишете ја нивната возраст____________

2.Вашето образование.

1.основно училиште 3.Средно стручно училиште 5.Факултет

2.КВ.ВКВ работник 4.Колец 6.Магистратура-докторат

3.Запишете го вашето занимање

4.Вработеност :

1.Во рабтен однос 2.Невработен

3.Пензионер/ка 4.Домаќинка

5.Месечни приходи на Вшето семејство се:

1.Под 15.000 денари: 2.15.000-30.000 денари: 3.30.000-60.000 денари: 4.60.000-100.000 5,100.000 и повеќе

6.Вашето семејство живее :

1.Во својот стан или куќа 2.Во заедница заедно со родителите на едниот од вас

3.Како потстанари 4.Останато –

7.Колку долго сте биле во врска со партнерот пред да стапите во брак.

1 .до 1 год. 2. 1-3 3. 3-6 4. 6-9 5. 9 и повеќе

8.Дали сте живееле со сегашниот партнер заедно и пред брак. ДА НЕ.

Доколку сте,тогаш заокружете колку долго

1.до 1 год. 2. 1-3 3. 3-6 4. 6-9 5. 9 и повеќе

9.Дали Вашата бременоста или на Вашата партнерка била откако сте стапиле во брак или пред.

ПРЕД ПОТОА

10.На колку години сте стапиле во брак ________

11.Колку години сте Вие и Вашиот партнер во брак.

1. До 10 години 2. 10-20 3. 20-30 4. 30-40 5.40 и повеќе

Пред Вас се наоѓаат неколку тврдења,на кои треба да одговорите така што ќе го заокружите бројот кој одговара на Вашата субјективна проценка во наведеното, броевите го означуваат следново:

1-воопшто не се согласувам

2-воглавно не се согласувам

3-воглавно се согласувам

4-во потполност се согласувам

1.“Мојот партнер е склон на употребата на алкохолот,дрогата,коцкањето и слично“ 1 2 3 4

2.“Имало ситуации кога сум посомневал/а во верноста на партнерот“ 1 2 3 4

3.“Мојот партнер е искрен кон мене“ 1 2 3 4

4.“Моите или неговите/нејзните родители се мешаат во нашиот брак повеќе отколку што би требало“ 1 2 3 4

УПАСТВО:Во повеќето бракови постојат недоразбирања и несогласувања.Ве молиме во следната листа означете на кој степен Вие и Вашиот партнер се согласувате во наведените работи:

| | Потполно се согласува-ме | Воглавно се согласува-ме | Понекогаш не се согласува-ме | Често не се согласува-ме | Воглавно не се согласува-ме | Воопшто не се согласу-ваме |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.Во водење на семејни финансии | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | 0 |
| 2.Согласување околу важноста и начинот на рекреација | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | 0 |
| 3.По прашање на религиозни верувања | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | 0 |
| 4.Во изразување на чувствата | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | 0 |
| 5.По повод на пријателите | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | 0 |
| 6.Во сексуаните односи | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | 0 |
| 7.Прифатено однесување во друштвото | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | 0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 8.Во поглед на филозофија на животот | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | 0 |
| 9.Согласување со семејството на брачниот другар | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | 0 |
| 10.Во поглед на целите, Приоритетите и останати важни рабти | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | 0 |
| 11.Времето кое е што е пожелно да го поминеме заедно | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | 0 |
| 12Во донесување на важни одлуки | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | 0 |
| 13.Во домашните работи | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | 0 |
| 14.По прашање на интересите во слободно време | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | 0 |
| 15.Во поглед на одлуките за кариерите | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | 0 |

Ве молиме означете колку од наведените ситуации се појавуваат меѓу Вас и Вашиот партнер.

| | Цело време | Постојано | Повеќе да отколку не | Повремено | Ретко | Никогаш |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 16.Колку често разговарате или размислувате за развод,раздвојување или завршување на врска | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 17.Колку често Вие или Вашиот партнер ја напуштате куќата откако ќе се раздени | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 18.Општо гледано,колку често мислите дека работите меѓу Вас и Вашиот партнер се одвиваат добро | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 19.Дали му се доверувате на партнерот | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 20.Дали некогаш сте зажалиле затоа што сте се венчале | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 21.Колку често се карате Вие и Вашиот партнер | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 22.Колку често Вие со Вашиот партнер "се нервирате меѓу себе" | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

| | Секој ден | Скоро секој ден | Повремено | Ретко | Никогаш |
|---|---|---|---|---|---|
| 23.Дали го бакнувате својот партнер | 4 | 3 | 2 | 1 | 0 |
| | Во секои | Во повеќето од нив | Понекогаш | Во мал број од нив | Во ниедни |
| 24.Дали Вие и Вашиот партнер учествувате заедно во домашните и необврзани активности | 4 | 3 | 2 | 1 | 0 |

Колку често наведените случвања се случуваат меѓу Вас и Вашиот партнер.

| | Никогаш | Поретко од еднаш месешчно | Еднаш или два пати месечно | Еднаш или два пати неделно | Еднаш дневно | Доста често |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 25.Имате стимулативен Разговор | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 26.Заедно се смеете | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 27.Смирено дискутирате за нешто | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 28.Работите заедно на некоја важна задача (проект) | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

Постојат некои работи околу кои паровите некогаш се согласуваат,а некогаш не. Обележете во следниве две прашања дали се покажани разлики во мислењата или проблемите помеѓу партнерот и Вас во изминатите неколку недели:

| | ДА | НЕ |
|---|---|---|
| 29.Премногу уморни за секс | 0 | 1 |
| 30.Непокажување на љубов | 0 | 1 |

31.Броевите на наредната линија ѓи означуваат различните степени на среќа во Вашата врска.Средната вредност"среќен"го покажува просечното ниво на среќа во повеќето бракови и врски.Ве молиме заокружете го бројот кој најдобро опишува колку сте Вие,земајќи во предвид се, среќни во својот брак:

| 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Значително несреќни | прилично несреќни | малку несреќни | среќно среќни | многу среќни | екстремно | совршени |

32.Ве молиме заокружете број пред едно од тврдењата кои најдобро опишиваат како Вие се чувствувате во поглед на иднината на вашиот брак:

5. Силно сакам мојот брак да успее,и ќе направам апсолутно се што е во моја моќ да успее.

4. Многу сакам мојот брак да успее,и ке направам скоро се што можам за да успее.

3. Многу сакам мојот брак да успее,и ќе го направам мојот дел од работата за да успее.

2 .Би било убаво мојот брак да успее,меѓутоа неможам да направам повеќе од она што моментално го правам за да успее.

1. Би било убаво да мојот брак успее ,меѓутоа одбивам да направам било што за да се одржи.

0. Мојот брак никогаш нема да биде успешен и не постои ништо што јас можам да направам за да тој успее да трае.

Прилог 2

ШИФРА __________ ПОЛ М Ж

УПАТСТВО:Наведен е извесен број на искази кои луѓето ѓи користат кога се опишуваат себе си.Прочитајте го секој исказ и рангирајте го со помош на скалата,заокружувајќи одреден број колку тој опис се оденсува на Вас.Не постојат точни и погрешни одговори,времето за работа не е ограничено,меѓутоа потрудете се да одговорите на основа на првиот впечаток.

1.Се потпирам на самиот себе

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

2.Попуштам

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

3.Услужен сум

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

4.Го бранам сопственото убедување

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

5.Весел сум

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

6.Чуден сум

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

7.Независен сум

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

8.Срамежлив сум

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

9.Совесен сум

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

10.Јас сум спортски тип

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

11.Покажувам чувства

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

12.Театрален сум

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

13.Самоуверен сум

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

14.Ми годи ласкањето

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

15.Среќен сум

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

16.Силна личност сум

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

17.Лојален сум

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

18.Непредвидлив сум

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

19.Доверлив сум

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

20.Женствен сум

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

21.Сигурен сум

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

22.Аналитичен сум,студиозен

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

23.Самочувствителен сум

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

24.Љубоморен сум

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

25.Умеам да водам

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

26.Осетлив сум на потребите на другите

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

27.Вистинит

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

28.Спремен сум да ризикувам

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

29.Полн сум со разбирање

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

30.Таинствен сум

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

31.Лесно донесувам одлуќи

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

32.Сожалив сум

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

33.Искрен сум

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

34.Самодоволен сум

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

35.Милостлив сум

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

36.Вообразен сум

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

37.Доминантен сум

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

38.Благ сум

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

39.Љубезен сум

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

40.Мажествен сум

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

41.Срдечна личност

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

42.Сериозен сум и достојансвен

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

43.Спремен сум да завземам став

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

44.Нежен сум

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

45.Благонамерен сум

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

46.Агресивен сум

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

47.Лесноверен сум

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

48.Неефикасен,неделотворен сум

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

49.Се однесувам како водич

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

50.Детинест сум

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

51.Прилагодлив сум

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

52.Индивидуалиста сум

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

53.Не користам груби зборови

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

54.Несистематичен сум (несреден)

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

55.Сакам да се натпреварувам

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

56.Сакам деца

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

57.Тактичен сум

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

58.Амбициозен сум

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

59.Питом сум

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш

60.Конвенционален сум,со вообичаено однесување

Никогаш или скоро никогаш 1 2 3 4 5 6 7 Секогаш или скоро секогаш